At the beginning of the new millennium, Balac's palette opens up and landscapes make a frequent appearance in her paintings. This period, which continued for about three to four years, both begun and ended with a geometrical treatment of the urban landscape under the influence of some kind of post-cubes expression. This geometrical treatment also defined the first stage of the appearance of pastel works in Balac's art; she begins to work intensively with pastels from 2003. The pastel-drawings also go through several development stages.

The first is under the influence of her canvases from 2000-2003, but this influence will soon dissipate and the treatment of the landscape in the drawings will change. The first transformation will be the inclusion of text in the drawing, while later, she will begin to use photographs and cut-out from newspapers and magazines that will define those pieces as collages and her technique as mixed media.

Here I have to point out that working in multiple different techniques at the same time, in this case drawing/collage/pastel and oil/acrylic paints, does not have a negative effect on Balac's art. We see that the different techniques in which she works do exert some influence on each other; mostly in the treatment of the motif while sometimes there is also a transfer of compositional solutions. But at no point does her work in pastels goes to the detriment of her working in oils or vice versa. On the contrary, it would seem that working with different art techniques and different mediums, in some way, brings a liberation to her creative spark. This can be seen in the works from 2007, when her paintings, perhaps as a direct result from working with different media in the previous few years, gain new vigour. In those paintings she also demonstrates a new, visible maturity in handling oil paint. Despite the fact that in the next years, several new cycles of paintings appear, such as *The Presence of the Absent 1* and *2* and *Invisible Exposure*, in essence, her paintings from that moment onwards do not show and have major changes. Certainly there are some, but these are mostly thematic and are influenced by the themes she works on in her video projects.

At the end, I must note that despite all of these changes, cycles and various techniques in which she works, Balac starts her journey, her career, and remains above all a painter. An artist who presents her unique vision with the help of the brush and oil colours. Immune to the changes, to the rise and fall of the new trends in art, Tanja only registers them as an observer. Deeply oriented toward her own work, she is determinately focused on the extraordinary vision of her inner world. In fact, Tanja Balac belongs to those rare artists that not only possess their own view, a unique interpretation of the world, but an artistic language which develops without pause, clearly following only its own line, its own path.

Kiril Penušliski

58. **Lost Blue Dreams, 2020,**
acrylic on canvas, 125 x 165 cm
59. **Witnesses of Silence, 2020,** *(next page)*
acrylic on canvas, 284 x 164 cm

Следејќи го Сопствениот Пат

За сликарството на Тања Балаќ

Во текот на дваесеттиот век, иновацијата и концептот на едно уметничко дело, без оглед на техниката или на медиумот во коишто е остварено, станаа синоними за неговиот квалитет. Од тој момент, за современите критичари на уметноста, тема што ја обработува уметничкото дело не само што е поатрактивна туку многу често е и поважна од квалитетот на формата или, пак, од ликовниот јазик на уметникот – структурни елементи на делото на кои историјата на уметноста дотогаш им даваше предност.

Точно поради таа суштинска, во основа теориска промена за тоа врз кој аспект од едно уметничко дело треба да се фокусираат стручната критика и истражувачите од областа на историјата на уметноста, во поголемиот дел од критичките текстови посветени на уметноста на Тања Балаќ, потезите на нејзината четка, употребата на текстурата во медиумот, композицијата или, пак, суптилните или контрастните сликани партии на нејзините платна воообичаено остануваат незабележани, или им се посветува малку внимание.

Во 1992 година, пишувајќи текст за каталог посветен на една од првите самостојни изложби на Балаќ,[1] Љупчо Маленков ќе спомене: „Ориентацијата на Тања може да се окарактеризира како варијанта на апстрактниот експресионизам, кој, пак, од своја страна се базира врз динамизмот на моментните внатрешни нагони на личноста. Во сликите постојано има еден неспокој. Тој неспокој го покажуваат потегот, линијата и светлината. Тоа наведува на сознание дека сликите се насликани одеднаш, со длабоко преживување и интуитивно“.[2]

Ова е една интересна опсервација и се чини дека Маленков, говорејќи за неспокојот, поточно за динамиката на сликаните површини што се појавуваат на нејзините платна, уште во тие рани денови успева да ја маркира сржта на уметноста на Балаќ. Меѓутоа, мора да се напомене дека сликите што тогаш таа ги излагала во Културно-информативниот центар во Скопје само на прв поглед можат да се окарактеризираат како дела што му припаѓаат на тој уметнички правец.

Големата слика „Бакнеж“ (сл. 1), која е репродуцирана на насловната страна на каталогот, исто како и „Баханалии“,[3] можеби имаат нешто што би го поврзале со апстрактниот експресионизам.[4] Двете слики имаат големи, навидум монохромно сликани партии, но тие се далеку од едната од двете гранки на апстрактниот експресионизам – *colour field painting*,[5] во која појавувањето на таквите едноставни површини на чиста боја се поврзува со оптичките ефекти што уметникот сака да ги предизвика во окото на гледачот. Тие слики, како и „Зелен премин“(сл. 2), или „Бес“ (сл. 3), имаат нешто и од гестикуларните потези што ја дефинираат другата гранка на апстрактниот експресионизам – *gesture/action painting* и/или *drip painting* на Де Кунинг[6] и Полок.[7] Но, за разлика од големите актови на Де Кунинг од неговата серија портрети/актови „Жена“,[8] деформацијата на човечката форма што се појавува на сликата на Балаќ, говорам за делото „Бес“, не е агресивна. Ниту, пак, уметницата тоа го прави со цел да потенцира, да засили кај гледачот некое чувство на страст или на фрустрација. Насликани во духот на експресионизмот, главата и телото на човекот само ни го доловуваат внатрешниот конфликт на претставената фигура.

Исто е и со големите партии од бела, жолта или црна боја во „Бакнеж“ и во „Баханалии“. Тие само оддалеку изгледаат монохромни. Во црната се појавува и сина, во белата жолта, додека во жолтата се појавуваат и зелени тонови. Тие суптилни варијации во сликаните површини ни покажуваат дека и покрај тоа што сликите делуваат како да се направени во еден здив, во едно застанување пред штафелајот, „изразните средства на бојата и ритамот на широки потези на четката“[9] на Балаќ се резултат на свесен процес што на крајот резултира со пастуозно сликана површина. Ова дополнително ја потврдува импресијата што ја добиваме кога за првпат ќе застанеме пред сликите на Тања Балаќ. Тоа се дела на сликар; на сликар во вистинската, класична смисла на зборот.

Ако говориме за апстрактниот експресионизам, Балаќ можеби најблиску доаѓа до тој правец во серијата слики што беа прикажани на нејзината самостојна изложба одржана во Националната галерија на Македонија во 2008 година.[10]

„Говорете слободно“ (сл. 4) и „Вистинска етида“ (сл. 5), слики што потекнуваат од 2007 година, се дел од тој циклус на Балаќ. Двете платна се исклучително блиски во концепцијата и композицијата. На обете слики гледаме голема површина од огненоцрвена боја, со исклучок на десниот раб на платната, којшто е бел. Делата се разликуваат во двете вертикални црвени линии блиску до левиот раб, кои ја разбиваат плохата на платното и даваат некоја илузија за тродимензионален простор, а се појавуваат само во „Говорете слободно“. Друга разлика е црниот дел, којшто прави силна контрастна граница со белото, а потоа разградено, како клавиши од пијано, влегува во црвената површина во „Вистинска етида“. Дополнително, на таа слика, долу десно се појавува и англиски текст со црна боја. Сиот текст не може да се прочита, тој е нечитлив, но се насетуваат зборовите, на англиски „тело“ – *Body* и „дел“ – *Portion.*

Кога ги гледаме овие две дела, јасна е желбата на авторот, бојата во сликата, во овој случај огненоцрвеното, да стане мотор, двигател на целата композиција. И навистина, поради темпестуозниот начин на којшто се сликани, црвените партии стануваат повеќе од само боја-простор. Тие не се монохромни, ниту, пак, се мирни. Сликани се со бурни потези на четката, со повеќе слоја на црвена (во различни тонови), при што светлите акценти не се ставени само во горниот, последниот слој од бојата на платното. Под сиот тој црвен оган се насетуваат и други, црни, темни површини.

Таквата обработка создава површина во која се насетува длабочина во просторот на платното и црвеното станува не само жива материја, туку и допирлив, вистински материјален простор. Всушност, на сликите од таа изложба, нанесувањето на бојата и наизменичната игра на партии што се сликани со „... со густи пастуозни слоеви на сино-зелени, кафеаво-окер или црвени тонови, на кои [Балаќ] им ги спротивставува лесните лазурни и прозрачни белузлави тонови ... [формира една] игра на формата [во која] условно кажано ... бојата се раѓа, [а] се развива и се разгласува присуството на отсутното или, понекогаш, отсуството на присутното“.[11]

1 Тања Балаќ, Културно-информативен центар, Скопје, 1992. Станува збор за третата самостојна изложба на Балаќ, по изложбите во Салонот на зградата на ЦО СДСМ во Скопје и онаа во Домот на културата во Тетово. Сите три изложби се одржани во истата, 1992 година.

2 МАЛЕНКОВ 1992, стр. 5.

3 „Баханалии“, 1992, масло на лесонит, 100 x 130.

4 Повеќе за апстрактниот експресионизам види во ANFAM 2019 и во LANDAU 2005.

5 Главните уметници што се поврзуваат со овој вид на апстрактниот импресионизам се Марк Ротко (*Mark Rothko*, 1903 – 1970) и Барнет Њуман (*Barnett Newman*, 1905 – 1970). Повеќе за овие уметници, како и за *colour field painting*, види ја претходната референца.

6 Вилем де Кунинг, *Willem de Kooning*, 1904 – 1997. Повеќе за Кунинг види во KRAUSS 2016.

7 Џексон Полок, *Jackson Pollock*, 1912 – 1956. Повеќе за Полок види во LANDAU 2010.

8 Станува збор за серија од шест дела започната во педесеттите години од минатиот век. За повеќе види CLARK 2020.

9 МАЛЕНКОВ 1992, стр. 5

10 Таа изложба претстави дела од нејзината специјализација, магистерски студии на Ликовната академија во Скопје. Истата изложба беше поставена и во Културно-информативниот центар на Република Македонија во Софија, Бугарија. Види Тања Балаќ, кат. изл. Национална галерија на Македонија, Скопје, 2008.

11 НЕДЕЛКОСКА БРЗАНОВА, 2008, стр. 4.

Таа „Игра на присуство на отсутното“, како што е името на овој циклус, кога станува збор за апстрактно решените немирни површини, може да се забележи и во другите дела од таа изложба, како „Невозможен премин“ (сл. 6) или, пак, „Три бои сино“(сл. 7).

„Три бои сино“ е можеби едно од ретките дела на Балаќ од тој период што има јасна наративна приказна. Сликата е составена од пет, претежно сини површини. Почнувајќи од лево, првиот дел, којшто е сивкавосин, служи како небесна заднина врз којашто се поставени други, четири, тиркизносини правоаголници што се вертикално ориентирани. Контрастот помеѓу немирната сивосина и релативно чистите вертикални тиркизи е јасен и силен. Тој контраст воедно ги одредува и плановите на композицијата; четирите тиркизи се поставени напред, пред сивкавосиното небо (?). И покрај тоа што тие тиркизни сегменти се меѓусебно одделени, разните шарени сликани партии, што како фигурални елементи се појавуваат во нив, заедно со нивната жива, весела игра – говорам за елементите – ги поврзуваат четирите тиркизи на еден многу суптилен начин. Ако ги гледаме тие тиркизносини сегменти како различни делови од една иста целост, може да се забележи, од лево кон десно, како играта на елементите во нив пополека се смирува. Жолтите, кафеавите и окер фигури/акценти во последниот дел, оној што е најблиску до десниот раб на делото, сега се соединуваат во една целина, а воедно тоа е и првата и единствена од тиркизните секции на сликата што се простира преку целото платно, од долниот до горниот раб. Тоа спојување на разните елементи во последната тиркизна секција може да го прочитаме како краен, финален момент во којшто раздвоените делови повторно стануваат едно.

Сликата можеби е инспирирана од филмот на Кишловски *Trois couleur: Blue*[12] од 1993 година. Главниот лик во филмот се соочува со трагичната смрт на мажот и ќерката, и со, за неа дотогаш непознатиот, таен живот на сопругот. Таа поминува низ неколку стадиуми/фази на тага, во коишто на гледачот му е јасно прикажан нејзиниот распарчен живот по трагедијата, како и болката што се јавува како последица. Во последната сцена на филмот, Жули де Корси[13] – главниот лик, се ослободува од тагата и болката, и повторно станува цела.

Од друга страна, пак, сликата „Невозможен премин“, и покрај својот централно поставен црн правоаголник што самиот повикува симболички асоцијации и споредби со црниот обелиск во Кјубриковата „Одисеја 2001“,[14] или, пак, со огромниот мистериозен sud што го подига смртта во Ланговиот *Der müde Tod*,[15] нема таков конкретен наратив сочинет од повеќе делови. Но, поради прекинот што црниот елемент го прави на платното, дали станува збор за границата помеѓу левата и десната половина од сликата или, пак, за одделувањето што се чувствува поради жолто/портокаловата линија оддесно делува како хоризонт, пораката на сликата е јасна, а со тоа и насловот на делото станува опиплив.

Овде треба да се посочи и горниот десен агол од таа слика во којшто се јавуваат жолти, црвени и зелени разиграни детали, кои откриваат некаква друга заднина во сината површина. Вакви, само условно речено, елементи може да се забележат и во неколку нови дела на Балаќ што се настанати последните неколку години (во периодот 2019 – 2021, таков пример е сликата „Марш“ (сл. 8). Начинот на којшто се употребени тие, за разбивање на површината, за навестување на некој друг слој, за сугерирање на некој друг свет што гледачот може само да го насети а не да го дефинира, е идентичен.

Другите слики од циклусот „Игра на присуство на отсутното“, како „Апстрактната жена на пат околу светот“(сл. 9), „Преселба“ (сл. 10) или пак, „Присуство на отсутното“ (сл. 12), чиешто платно има јасна порака што ги обединува сите овие дела – на платното се чита текстот: *There is something, not in my life, what is present, when absent, at some moments* – ги имаат истите тие темпераментни потези и истата желба за создавање сликарски површини во кои големиот, критичниот момент што ја води Балаќ напред кон истражување нови сликарски проблеми е оној исконскиот, стариот порив на традиционалните мајстори на четката: да се слика. Поради тоа, може да заклучиме дека Балаќ слика без посебна амбиција за креирање некаква „висока“, ангажирана уметност, па потегот на четката и гестот на раката се ослободени од политичките, естетските и моралните вредности на секојдневјето.

Таа желба да се слика, да се твори, како и бурниот ликовен израз за којшто говоревме досега се сеприсутни во опусот на Балаќ, и не зависат од медиумот или од техниката во којашто работи. Ана Темкова, во чијашто класа Балаќ дипломира на Ликовната академија во Скопје во 1991 година, говорејќи за нејзините дела настанати во раните деведесетти, ќе рече дека Балаќ ја третира температа како да е масло.[16]

„Ранета желба“ (сл. 13) од 1995 година покажува дека Темкова е во право. Станува збор за едно густо сликано, чисто експресионистичко дело, за кое, само кога гледачот ќе се приближи до него и по детална студија, ќе се заклучи дека не станува збор за масло. Техниката е темпера на хартија, која потоа е каширана на лесонит. Појавувањето текстура на делото, што се појавува како резултат на сликарската техника и што е нетипична за температа како медиум, е тоа што го „лаже“ окото. Сликата е исклучително интересна не само затоа што таа ни покажува дека исконската нарав на Балаќ е сликарска, туку и дека станува збор за дело во кое играта на двата главни иконографски елементи се обработува на еден далеку подраматичен начин од порано.

За првпат двата елементи, жената и птицата, се појавуваат во една серија цртежи што можат да се датираат неколку години порано, во периодот 1993-1994 година („Бал под маски“ сл. 14), „Итра девојка“ сл. 15). Во тие цртежи човечката фигура е издолжена и елегантна. Станува збор, како и во огромен дел од делата на Балаќ каде што се појавува човечка фигура, за жена/девојка. На овие цртежи тоа е јасно назначено поради појавувањето на градата/градите на девојката, коишто по обликот се исклучително блиски со главата на птицата („Предвидливо сценарио“).[17] Вообичаено е таа птица да е жолта или портокалова, а ретки се примерите на цртежи каде што се појавуваат неколку птици – во овој ран период, најмногу две. Во најстарите, први цртежи, самата птица изгледа повеќе како декорација, за понатаму, како што Балаќ ја развива таа серија, да се појави некоја симбиотска или љубовна, но не и сексуална, игра меѓу двете фигури („Таа и чапјата“ сл. 16). Можеби единствениот пример од таа серија што се одвојува од другите е „Крик“ (сл. 17), каде што телото на втората птица, белата, се соединува со телото на девојката, па таа изгледа како да има голем стомак, како да е бремена. Мора да се забележи дека синусоидното тело на девојките на овие цртежи, а понекогаш и декоративното поставување на птицата во композицијата, која често служи како противтежа на човечката фигура, во некоја крајна линија изгледа дека произлегува од претходните дела на Балаќ од 1992 година. Во тие слики, сините, жолтите, зелените или црните партии се во некој заемен хармоничен баланс по целата површина на платното.

Во првите цртежи каде што се појавуваат девојката и птицата, а кои воедно наликуваат на митската Леда и лебедот, на лицето на девојката често се појавува насмевка, додека вообичаено е птиците да се „лесни“ и да ја повторуваат формата на телото на девојката. Но, само неколку години подоцна, можеби токму за првпат во „Ранета желба“, тој однос ќе се промени.

Прво, птиците на делата од втората етапа од истражувањето на овој иконографски мотив стануваат сè поагресивни, пострашни. Тоа повеќе не е грациозниот лебед од грчко-римската митологија, туку станува збор за кошмарни птици што навестуваат ужас и смрт. И второ, во исто време претставата на девојката прво се менува („Гушнати“, сл. 21), за потоа таа сосема да исчезне од сликите („Крв и солзи“ (сл. 19), „Непотребна поделба“ (сл. 22), „Договор“ (сл. 18), „Седмиот круг“(сл. 22). Во овие нови дела, коишто ги датираме во втората половина на 1995 година, прикажаните птици како да се во некоја агонија, која можеби директно ги отсликува ужасите на граѓанската војна на југословенските простори.

Меѓутоа, наскоро, со почеток некаде во 1997 година, Балаќ ќе почне тој иконографски мотив, птицата, да го третира на сосема друг начин. Од тие години од крајот на деведесетите, потекнува една низа од релативно малечки слики кои сè уште ја имаат птицата како основен и главен тематски елемент, но птицата што се појавува во тие дела сега е далеку поапстрактна.

Сузана Милевска, пишувајќи за каталогот на самостојната

12 *Trois couleur: Blue* – „Три бои: Сино“, е првиот дел од трилогијата на полскиот филмски режисер Кристоф Кишловски (*Kryzstof Kieślowski*, 1941 – 1996). Другите филмови од трилогијата се *Trois couleurs: Blanc* и *Trois Couleurs: Rouge*, двата од 1994 година.

13 Жули де Корси, *Julie de Courcy*, која во филмот ја игра глумицата Жулиет Бинош (*Juliette Binoche*).

14 *2001: A Space Odyssey*, филм на американскиот режисер Стенли Кјубрик (*Stanley Kubrick*, 1928 – 1999).

15 *Der müde Tod*, „Уморната смрт“, нем филм од 1921 година на германскиот режисер Фриц Ланг (*Fritz Lang*, 1890 – 1976).

16 Лична кореспонденција.

17 „Предвидливо сценарио“, 1994, темпера на хартија, 88 x 64.

изложба на Балаќ во Културно-информативниот центар во Скопје во 1999 година, ќе рече дека: „Желбата да се продре под видливата граница на телото, да се открие висцерална структура без каков било инструмент за сецирање, само со помош на една имагинарна археологија во различните слоеви на мускулите сè до самиот костур, во делата на Тања Балаќ е проткаена со исконската желба истовремено да се продре и во митолошката структура на знакот: птица".[18]

Јас не сум сигурен дека идејата водилка на Балаќ во тие дела е претставување на некакви симболични значења на одбраниот иконографски мотив. Мислам дека повеќе станува збор за третман на мотив којшто секојдневно живее со/во авторот и којшто сега пополека го губи асоцијативното, пред сè лично значење за Балаќ, а кое е поврзано со загуба и со болка. На овие нови, малечки дела, девојката повеќе ја нема. Агресивноста на птиците исто така е отстранета од платното, а воедно птиците што сега се појавуваат повеќе не се костури и мрши. Лилјана Пердуф Мисирлиќ, во текстот од каталогот објавен по повод самостојната изложба на Балаќ во Галеријата на ликовните уметности на Република Српска во Бања Лука, насловена како „1000 километри долга љубов",[19] ќе забележи дека: „Птицата го изгубила сето свое симболично значење и својата наративност".[20]

Меѓутоа, јас се согласувам со Милевска кога таа, за сликата „Премин" (сл. 24), вели: „Различните телесни слоеви на сликата претставуваат едно сондирање во наталожените временски слоеви под патината на сликата, навидум пештерски мурал, така што вообичаената сликарска технологија на потсликување овој пат истовремено се појавува како метафора за здипленте фалти на времето во ликовниот простор".[21] Навистина, таа слика, поточно црвената птица во средината на тоа малечко платно, има нешто што потсетува на цртежите од неолитските пештери. Апстрактно решена, само со неколку потези на четкичката со коишто е доловен цртежот – формата на птицата, таа станува некаков симбол за бесмртност и вечно враќање. Слично на ова, двете фигури во „Јас и јас" (сл. 23) се пандан една на друга, но тие не се и меѓусебна идентична копија. Дали тоа станува збор за дуалноста која се појавува во сите луѓе или за некаква можна, замислена или, пак, веќе изгубена варијанта на самиот себе?

Во сите овие дела, а кон веќе споменатите може да ги додадеме и „Црвено и сино" (сл. 25), „Истргната" (сл. 26) и „Пресек",[22] доминира еден интензивен колорит и сликите се динамични, сугестивни и зрачат со сопствен живот. Пердуф Мисирлиќ продолжува: „Композициите... со птици, во чуден однос навестуваат ненаметлива геометризација и ограничен регистер на бои, којшто нè воведува во последниот циклус на асоцијативни слики на среден формат. На овие слики доаѓа до редукција на визуелните импресии, а сликата добива јасна структура со неколку колористички акорди, така што ниту еден ликовен момент не ја доведува во прашање основната хармонија на целината. Склоноста кон истражување на ликовното и тематското, потпирањето врз големите правци и предци не ја заобиколува ни Балаќ, но таа успева во сите дела да ја вгради својата имагинација, став и дарба...".[23]

Во својот текст, Пердуф Мисирлиќ не именува точно на кои дела се однесува овој пасус од нејзиниот текст, но јас мислам дека таа посебно говори за два пастела што потекнуваат од 1999 година. Станува збор за цртежите „Додворување" (сл. 27) и „Хор" (сл. 28).

Во „Хор", голем дел од хартијата е сè уште бел. Уметницата ги поставила главните елементи на композицијата, неколкуте птици што го прават хорот од гласови, централно, и потоа додала темна црна рамка блиску до рабовите. Белината на хартијата, која овде делува како органска светлина што потекнува од самиот носач на којшто е направено делото, добро соработува со фигурите на птиците. А тие веќе немаат ништо заедничко со птиците од првата половина на деценијата, со експресионистичките птици од нејзините темпери или, пак, со серијата настаната на платна со мал формат. Птиците во „Хор" се сведени и решени геометриски, со остри линии и отсечни потези. Во другото дело, „Додворување", формата на птичјото тело е само навестена, а целата композиција делува и по малку кубистички. Овие два цртежи изгледа дека се меѓу последните дела на Балаќ каде што се јавува овој иконографски мотив. Црната рамка во „Хор" како да го најавува заминувањето на птицата од нејзините дела.

„Додворување" и „Хор", заедно со „Надвор од кафезот" (сл. 30), се важни за уметничкиот развој на Балаќ, затоа што навестуваат промена и интерес за работа со една нова, различна техника, а воедно и различен пристап кон решавањето на ликовните проблеми во едно дело.

Во „Надвор од кафезот", птицата, која во тие години сè уште е доминантна во уметноста на Балаќ, е основниот иконографски елемент. Меѓутоа, изгледа дека е ова првото дело каде што уметницата експериментира со колажот како техника. Говорам за главата на птицата која е формирана со помош на исечоци од списанија залепени на хартијата за цртање. Интересно е да се забележи дека овој цртеж служи како скица за едно платно од 1997 година. Станува збор за сликата „Мртва природа со птица" (сл. 29). Споредбата на двете дела веднаш ги покажува сличностите во композицијата: извитканото тело на птицата, шематизираната глава со клунот, белата површина која ги формира крилјата, па дури и заднината што е слично поделена на неколку сегменти. Троделната поделба на заднината на платното, на црна, жолта и повторно црна површина, може да ја забележиме и во постарото дело.

Ова не е единствениот пример каде што Балаќ при работата користи подготвителна скица/цртеж. Таков пример имаме и во „Бодликава љубов" (сл. 31), која го следи композициското решение од малата скица, која, пак, уметницата ја залепила на хартијата на поголемото дело како потсетник (?). Ваквата обработка на една композиција, но сега без подготвителна скица која потоа се следи при изведбата на некое, само условно речено поголемо или, пак, поважно дело, може да се сретне и понатаму во опусот на Балаќ. Таков пример е композициското решение на „Апстрактна жена без распоред",[24] кое повеќепати се јавува во нејзиното сликарство, но секогаш во различен формат.

Пастелите што ги спомнавме погоре веројатно се меѓу првите дела на Балаќ изработени во ваква техника. Но пастелот, започнувајќи од 2003 година, од кога датира првиот престој на Балаќ во македонското студио во *Cité international des arts* во Париз, следните неколку години ќе зазема сè поголем простор во нејзиниот уметнички опус.

Делата направени во Париз со оваа техника видно се разликуваат од сликите на Балаќ од претходните неколку години, што му припаѓаат на еден период којшто започнува некаде по нејзината изложба во Културно-уметничкиот центар во Скопје во 1999 година. На тие дела се гледа голема промена во нејзиното сликарство.

Самата Балаќ таа промена ја објаснува со промена на ателјето во кое работела.[25] Новото ателје се наоѓало во урбаниот центар на градот Скопје и поради тоа, сè повеќе се јавуваат градски пејзажи на нејзините платна. Можеби најдобри примери за ова се сликите како „Венеција" (сл. 36) или „Големата преселба" (сл. 32). На тие дела, исто како и на неколку други слики од тој период, претставен е еден апстрактно сведен, геометризиран градски пејзаж, во којшто луѓето (како, на пример, во „Во земја на чудата" (сл. 37) од 2003 година) делуваат дека се директно изведени од птиците што се појавуваа на нејзините претходни слики.

Меѓутоа, ова не значи дека урбаниот пејзаж е единствениот жанр во којшто Балаќ работи. „Моето дрво"(сл. 35), работено за потребите на изложбата на пејзажи на Друштвото на ликовните уметници на Македонија, или пак „Замрзнат сон",[26] не само што го покажуваат нејзиниот интерес и за други теми, туку убаво ја демонстрираат и промената што се случила во палетата (која сега е далеку посветла), па и во форматот и во големината на сликите.

Но, сепак, доминантна тема во пастелите од Париз[27] е градскиот пејзаж и некои од насловите на делата го потврдуваат тоа; „Џунгла на асфалтот" (сл. 34). Интересно, сите тие пејзажи се изработени во формат што е необичен за жанрот што Балаќ го обработува. Без исклучок, хартијата, која има своја видно изразена текстура, е поставена вертикално. Таквото поставување на прикажаната глетка, каде што зградите доминираат со својата вертикалност, само го потврдува првичниот впечаток дека станува збор за преставување некоја замислена, или пак нам туѓа, урбана средина.

Интересно е да се забележи дека првите дела на Балаќ работени со пастел-техниката, за разлика од оние што потекнуваат од периодот 2005-2006 година, се светли. На многу од тие цртежи, хартијата, слично како во примерот што пред малку го разгледавме – „Хор", не е целосно покриена со боја, па белината на носачот ја прави целата композиција лесна. Добар пример за ова е делото „Стаклена игра" (сл. 33). Начинот на којшто се доловени зградите од левата и од десната страна на централниот сегмент се повикува на некои од претходните слики работени на платно. Геометризацијата на тие згради наликува на оние од „Наполи", слика настаната полни три години порано.[28] Ова не е осамен пример; централните декоративни елементи од пастелот „Игра со стаклени перли",[29] потсетуваат на оние од платното „Свадбен подарок".[30]

Јасна Јованов, во каталогот од самостојната изложба на цртежи во Културниот центар на Нови Сад во Србија во 2004 година,[31] во тие години, инаку, пастелите на Балаќ се претставени и во Париз,[32] во Москва[33] и во Малме,[34] забележува дека: „Ништо помалку од самите цртежи на Тања Балаќ вниманието го привлекуваат и нивните наслови. 'Лавиринт', 'Молитвена вечер', 'Париски витраж', 'Прошетка низ син предел', 'Совршена мисла' се само некои од имињата со коишто оваа сликарка ги дефинира своите дела, сакајќи со нивното значење истовремено да ги одреди комплексните односи помеѓу реалното и ликовно-визуелниот израз. Иако своите дела, во еднаква мера, ги именува со одредници што укажуваат на конкретни, како и на апстрактни поими, патот кон нивната визуелизација се одвива на сличен начин. Самата постапка на претставувањето на обликот би можела најкусо да се окарактеризира како геометриска стилизација".[35]

Централниот дел од „Стаклена игра" има уште една новост која ќе стане важна во уметноста на Балаќ следните неколку години. Тоа е појавата на текст на самата слика. Тој текст понекогаш е читок и носи порака. Такви примери видовме на нејзините платна од изложбата 2008 година, а текстот се појавува и на некои дела настанати подоцна. Пример за тоа е „Покриј ми ги очите не за да ослепам, туку за да прогледам" (сл. 44) од 2015, дело кое го зема/добива насловот од текстот што се појавува на платното; на англиски *Cover my eyes not to be blinded, but to recover my sight*. Слично е и со „Меѓу нас тече море кое нè одредува и раздвојува" од истата 2015 година,[36] каде што на платното, повторно на англиски, може да се прочита: *The sea that connect and divide us flows between the two of us*. На други дела текстот што се појавува служи само како декоративен елемент, шема/шара која ја разбива постоечката или донесува некоја друга идеја за просторот. Такви примери се цртежите „Писмо до Дирер" (сл. 38) од 2006 и „Заробени сонувачи" (сл. 40) од 2014 година. Во „Заробени сонувачи", и покрај тоа што некои од буквите се препознатливи, текстот е нечитлив, па го разбираме само како декоративен ритам на контрастни линии што ја градат композицијата. Тој цртеж ѝ припаѓа на една мала група наречена *Unaccountable*, каде што спаѓаат и „Наезда 2" (сл. 41) и „Градот убав" (сл. 39). Необично е што некои од овие цртежи се правени на темна или на црна хартија.

Можеби најинтересен пример за таков нечитлив, непрепознатлив текст се појавува во цртежот „Печат" (сл. 42). Композицијата е јасна и едноставна. Хартијата е поделена на неколку квадрати, од кои централниот, црвен, во самото срце на цртежот, наликува на кинески царски печат. Асоцијациј ата е: иконографска ознака за авторитет. Над и под печатот се појавува текст што не можеме да го прочитаме. Светлите ракописни букви на хартијата не формираат вистински зборови. Единствено потписот на уметникот, долу лево, *Balac/2006*, е препознатлив. Таквиот нечитлив текст, што се појавува во повеќе дела на Балаќ од истиот период, може да го сметаме за некој вид апстрактна поезија, чија ритмика е органски, а понекогаш и носечки, основен дел на делото. „Текстот во визуелна смисла ја дополнува сликата и станува нејзин интегрален дел, така што не постои причина едниот сегмент да го објаснува другиот и обратно".[37]

Од 2006 година, во пастелите на Балаќ се појавува уште една новост, а тоа е употребата на печатен текст, поточно вметнување исечоци од весници или од списанија со текст. Таа игра на комбинирање ликовни техники веќе ја видовме во цртежот „Надвор од кафезот", но таму се чини дека вметнувањето, инкорпорацијата на друга хартија во самиот цртеж беше инцидентна. Претпоставката е дека формата на додадената хартија во цртежот одговарала на формата на главата на птицата што уметницата сакала да ја претстави, па соединувањето на двата дела е направено без подлабоко значење. Меѓутоа, од 2006 година, таа игра на соединување на цртежот со некој друг надворешен елемент, при што техниката со која твори уметницата сега може да ја дефинираме како комбинирана техника, а делото како колаж-цртеж, станува далеку попрефинета и поамбициозна.

Вертикалните линии што го даваат насловот на делото „Вертикални линии", (сл. 50) од 2006 година се, всушност, колажен елемент. Станува збор за текст што е преземен, поточно исечен од неколку списанија и со начинот на којшто е поставен, му дава ритмичност и ја прави внатрешната структура на делото. Текстот, во повеќе бои, не може да се идентификува. Поставен е, барем за западноевропската традиција, во една неприродна положба. Наместо хоризонтално, тој е свртен за деведесет степени и со тоа е трансформиран. Ја губи својата основна функција – да пренесе некаква информација, и сега станува само визуелен елемент во делото.

Ако во „Вертикални линии" исконската симболика на текстот е свесно трансформирана, во други дела од оваа серија Балаќ си игра со семиотското значење на зборовите во текстот. Во „Полемика со непознатото" (сл. 47), централно и читко е поставен зборот „човек/маж", на англиски *Man*; додека, пак, колажот „Авангарда" (сл. 46) асоцира на делата на големите руски авангардни уметници од првата половина на дваесеттиот век. Од друга страна, пак, „Јас и мојот кошмар" (сл. 43) не содржи редови текст, туку репродукција/фотографија. Во тој колаж, јасна е алузијата на времето кое гласно ги одбројува секундите и нè демне сите нас.

Ваквото решавање на ликовните проблеми со вметнување илустрација, поточно некаква фотографија во делото, е основна одлика на циклусот на Балаќ наречен „Просторни дистанци". Во тој циклус, Балаќ е далеку послободна во играта и во соодносот помеѓу репродукцијата/фотографијата и цртежот во колажот.

Во „Четврток помеѓу 17 и 18 часот" (сл. 51), колажниот дел е само малечката фотографија во горниот лев агол. Фотографијата на стебло и крошна на едно дрво, дрвената ограда која контрастира со синото небо и белите облаци, е почетокот од којшто се раѓа целата слика. Балаќ ја продолжува дрвената ограда и цирусните облаци во близината на фотографијата, но во долниот дел од цртежот асфалтот и автопатот го земаат приматот над природата, а деталите од прикажаниот предел се губат. „Гледајќи ја тишината под опсесивното присуство на дистанцата, Балаќ му сугерира на гледачот, а истовремено и му пренесува од радоста што се добива при контемплацијата на сензувална моќ на нејзината поетска, онирична азбука".[38]

Колажот „Сè е големо кога си малечок" (сл. 48) е решен на истиот начин како и претходното дело. Во центарот е ставена малечка фотографија околу која се развива целата глетка. Станува збор за урбан пејзаж, голема скулптура и бариери, огради коишто на гледачот му оневозможуваат пристап до просторот на градот зад нив. Овој колаж е еден вид критика. Јасно е дека инспирацијата за ова дело потекнува од промената на градската средина во главниот град на Македонија, што се случуваше на почетокот од минатата деценија.

18 МИЛЕВСКА 1998, стр. 2.
19 1000 километри е растојанието помеѓу градовите Скопје и Бања Лука.
20 ПЕРДУФ МИСИРЛИЌ 2002, стр. 5.
21 МИЛЕВСКА 1998, стр. 2.
22 „Пресек", 1997, масло на платно, 41 x 33.
23 ПЕРДУФ МИСИРЛИЌ 2002, стр. 5.
24 „Апстрактна жена без распоред", 2006, масло на платно, 30 x 22.
25 Лична кореспонденција.
26 „Замрзнат сон", 2002, масло на платно, 48 x 53.
27 Интересно е да се забележи дека на повеќе од делата настанати за време на нејзиниот престој во Париз, покрај потписот и датирањето на уметницата, се сретнува и географската локација каде што се направени, секогаш додадена на латиница, *Paris*.

28 „Наполи", 2001, масло на платно, 72 x 53.
29 „Игра со стаклени перли", 2005, пастел на хартија, 70 x 50.
30 „Свадбен подарок", 1998, масло на платно, 80 x 60.
31 *Tanja Balac, Crteži*, Kulturni centar Novog Sada, Novi Sad, 2004.
32 *Balac*, Cité international des arts, Paris, 2004.
33 Пастель, Письмо, знак и одна жар птица, кат. изл. Московский дом национальностей, Москва, 2005.
34 *Tanja Balac*, J. T & Art Galleri, Malmoe, 2007.
35 JOVANOV 2004, стр. 2.
36 „Меѓу нас тече море кое нè одредува и раздвојува", 2015, масло на платно, 130 x 400.
37 ĐORĐIEVSKI 2019, стр. 5.
38 PIROVSKA 2013, стр. 4.

Самото дело најавува една поголема ангажираност, едно општење на Балаќ со политичките, економските и социјалните промени што се случуваат последниве десетина години не само во македонското општество, туку и на глобално ниво.

Близок до „Сè е големо кога си малечок" е колажот „Концерт без труба и оркестар" (сл. 49), во којшто уличниот забавувач стои како жива скулптура и отпоздравува. Но, тој не отпоздравува некоја друга фигура која се наоѓа во неговиот замислен свет, таква не се појавува во делото. Ниту, пак, го поздравува гледачот со кого, мора да се потенцира, човекот на сликата нема некаков посебен рапорт/однос. Туку, живата скулптура го поздравува скоро монохромниот град околу себе, којшто е сведен на шематизирана улица – калдрма и на згради – коцки во далечината. Небото, исто како и градот, е без радост.

Кон крајот на првата деценија на дваесет и првиот век, Балаќ, покрај сликарството, пастелите и колажот, сè повеќе се интересира и за видеоуметноста. Нејзините дела оставени во тој медиум често се коментар на она што се случува во светот. „Раѓањето на нацијата" од 2016[39] година мислам дека директно може да се поврзе со промените во Македонија и обидите за насилно, визуелно менување на културниот идентитет на градот Скопје, а со тоа и на македонската нација. *Perceptio Inversa*[40] и *Stuck Together*[41] може да се поврзат со големата бегалска криза.

Во *Stuck Together*, исто како и во *Memorabillia*,[42] луѓето се ставени во коцка, која во последните две децении често се појавува и на сликите на Балаќ. Коцката и квадратот се појавуваат во повеќе дела, како „Процес" од 2006,[43] „Присуство на отсутното" од 2008 и „Исчезнати сенки" (сл. 52) од 2015 година.[44] Тоа ограничување, таквата рестрикција на слободата на човечките фигури може да се види во повеќе слики од циклусот наречен *Invisible Exposure*, каде што се појавува и во делата како „На површина на заборавот",[45] „Предградија на љубовта" (сл. 53) и „Исчезнати сенки"[46]... Сите овие слики се под длабоко влијание на текстовите на Фернандо Песоа[47] и делови од неговата проза се појавуваат како директна инспирација, како наслови на дела, а во каталогот на самостојната изложба од 2015 година – и како некој вид уметнички манифест или кредо.[48] И покрај тоа што станува збор за нов, различен циклус, сликите од оваа изложба, *Invisible Exposure*, продолжуваат таму каде што претходната голема изложба (2008) на Балаќ застана. Тие се ликовно блиски до делата од „Игра на присуство на отсутното", а воедно и до оние од „Сонувачи" („Циклус Сонувачи 10").[49] Всушност, од средината на претходната деценија и нејзините специјалистички студии (2008), ликовниот израз на Балаќ е веќе јасно дефиниран. Сите дела се темпестуозно сликани, со бурни потези на широка четка која остава пастуозна трага на површината на платното.

Последниве неколку години, говориме за периодот од 2017 година до денес, Балаќ, под влијание на бегалската криза, а можеби и на нејзините видеоинсталации, внесува промени во своето сликарство. Големиот полиптих од 2018 („Безимена земја") (сл. 54), двата диптиха од 2019 – 2020 („Сведоци на тишината", (сл. 59) и „Интимна приказна" (сл. 57) и неколкуте помали дела покажуваат, барем досега, невидено човечко присуство на нејзините платна. Станува збор за безлични фигури на луѓе, чијшто идентитет повеќе не може да се утврди. Тоа се човечки суштества кои патуваат или, пак, се губат на платното како во „Изгубени сини сништа" (сл. 58), додека во „Порота" (сл. 56) и во „Сведоци на апсурдот" (сл. 55) луѓето се неми посматрачи на трагичната човечка судбина.

Од тие дела на Балаќ се издвојува и „Сведоци на тишината". Човечките фигури на тоа платно, сега со сведени црти на лицата, повторно се ставени во некакви коцки. Меѓутоа, овој пат тоа не се коцките што се појавуваа на делата од *Invisible Exposure*, туку делуваат како да се шпанувани, препарирани и веќе насликани платна.

Интересно за овој период од уметноста на Балаќ, насловот на циклусот е „Раселените", е играта со форматот на делата, поточно појавата на диптиси и на полиптих.[50]

Историски, таквата сложена структура на едно ликовно дело за првпат се појавува во доцниот среден век, а се употребува во текот на целиот ренесансен период. Во италијанската уметност, бројот на полиптиси почнува да се намалува на почетокот, за потполно да престане кон средината на шеснаесеттиот век.[51] Од тој момент, диптисите и полиптисите се „заменети" со олтарни слики чијшто централен дел е составен од само едно призор-поле.

Вообичаено е на таквите олтарни слики (без разлика дали станува збор за диптиси, триптиси и полиптиси), покрај духовната содржина, да ја прикажуваат и социјалната положба на нарачателот, неговите политички желби, професијата, како и членувањето во разни црковни редови или, пак, поврзаноста со нив. Резултат на таквата комплексна структура, која секако дека е условена и од техничките проблеми на спојувањето повеќе сликани дела во една целина, е што многу често, разните сликани сегменти, одвоени од останатиот дел од сликата со декоративна дрвена рамка, визуелно егзистираат како посебни дела што се доволни самите за себе.

Таквото визуелно раздвојување на елементите што го сочинуваат диптихот/полиптихот не може да се забележи кај Балаќ. И покрај тоа што „Интимна приказна" е диптих чијашто лева и десна половина се разликуваат во употребата на различни тонови на бојата, по различната светлина што се појавува на нив, како и по различната обработка на човечките фигури, двата дела природно се поврзуваат. Преминот од левиот кон десниот дел, од левото кон десното платно, е лесен и убедлив. Двата дела работат заедно, предавајќи му на гледачот една јасна заокружена целина. Нивното одвојување би резултирало со слика која би изгледала незавршена и некомплетна.

Структурата на „Безимена земја" е уште покомплексна од онаа на „Интимна приказна". Ова дело се состои од девет различни сегменти. И покрај тоа што тие се симетрично поставени, индивидуалните парчиња на полиптихот се со различен формат и големина. Најмали се четирите правоаголници, поставени во четирите ќошиња. Сегментите помеѓу нив, вертикално – по едно и во долниот дел од полиптихот – две, се квадрати. Горната половина од полиптихот, зборувам за централниот дел над двата кавадрати, е едно хоризонтално платно.

Веднаш може да се забележи дека сите делови во полиптихот органски се поврзуваат и само неколку од нив можат да егзистираат надвор од целината. Такво е правоаголното платно во горниот дел и можеби двата квадрати под него. Гледајќи го само тоа правоаголно платно, јасно е дека станува збор за пејзаж со фигури. Хоризонтот што се појавува на сликата, како и белите структури на него (претпоставката е дека станува збор за некакви куќи/згради) потсетува на некои дела на Балаќ од циклусот „Просторни дистанци". Во тие колажи често може да се сретне таква јасна отсечна линија што го прави контрастот помеѓу небото и земјата.

Двете квадратни платна, и покрај тоа што фигурата во центарот е пресечена и се појавува и на левото и на десното платно, исто така „работат". Човечките фигури и начинот на којшто тие се поставени и третирани на платната им овозможува на тие парчиња да изгледаат комплетни. За разлика од овие делови, другите немаат самостоен „живот". Долното десно ќоше има обезглавено торзо и рака, додека платното во горниот лев агол прикажува само дел од глави на некои човечки фигури.

Меѓутоа, кога сите делови ги гледаме заедно, динамиката на претставените елементи одеднаш се менува. Индивидуалните парчиња на полиптихот почнуваат да делуваат заедно и може да ја видиме визијата на уметницата.

Низата, редицата на човечки фигури сега добива смисла и тие јасно се поврзуваат во едно движење од горниот лев агол, по целата должина на сликата, кон долниот десен. Тој по малку осамен пејзаж

39 „Раѓање на нацијата", *The Birth of the Nation*, 2016, видео инсталација.
40 *Perceptio Inversa*, 2018, видеоинсталација.
41 *Stuck Together*, 2020, видеоинсталација.
42 *Memorabilia*, 2019, видеоинсталација.
43 „Процес", 2006, пастел, 70 x 50.
44 „Исчезнати сенки". 2015, масло на платно, 130 x 170.
45 „На површина на заборавот", 2014, масло на платно, 130 x 170.
46 „Исчезнати сенки", 2015, масло на платно, 130 x 170.
47 Фернандо Песоа, *Fernando Pessoa*, португалски поет, 1888 – 1935.
48 За повеќе види *Invisible Exposure*, Галерија NLB, Скопје, 2015.
49 „Циклус Сонувачи 10", 2013, масло на платно, 27 x 35.
50 Ова не се првите такви дела во нејзиниот опус, примери има и во циклусот *Invisible Exposure*.
51 Сè уште најдобра анализа за појавата и развојот на ваквите олтарни слики е HUMFREY 1993.

со некакви бели згради во горниот дел од сликата сега го „читаме" во контекст на насловот на делото, како и на насловот на циклусот. Па пејзажот станува не само оној од којшто започнал егзодусот на прикажаните луѓе, туку може да го гледаме и како пејзажот во којшто сега тие дошле. Ова двојно читање е условено од едноставниот факт дека уметницата во ниту еден момент, ова важи за сите дела од овој циклус, не ни кажува јасно каде одат тие луѓе, ниту, пак, од каде потекнуваат. Одговорите на тие прашања остануваат недефинирани. Темната заднина и контрастот што го прави таа со белите човечки фигури само уште повеќе го засилува чувството на нелагодност што се добива од заклучокот дека тие луѓе не се поврзуваат со просторот во којшто се наоѓаат. За таа средина тие се непознати, новодојдени туѓинци.

Во основа, уметноста на Тања Балаќ се развива низ повеќе циклуси, периоди во коишто сликарските теми што ги обработува се менуваат. Ако треба прецизно да ги дефинираме нејзините развојни периоди, првиот од нив би можеле да го наречеме проторенесансен период, што ги опфаќа годините на, а и по школувањето на Ликовната академија во Скопје. Од тие години потекнуваат апстрактни дела со ограничен колорит. Овој период завршува со појавувањето на првите птици на нејзините слики.

Вториот период го сочинуваат дела на кои главниот иконографски мотив е птицата. Периодот започнува некаде во 1993 година и трае до крајот на деценијата. Според третманот на главниот мотив, овој период од творештвото на Балаќ се дели на три стадиуми. Најраниот од нив може да се поврзе со митолошката Леда, за потоа да следи еден експресионистичкиот период кон средината на деведесеттите. Последниот од тие три стадиуми, што се датира на крајот од деценијата, се одликува со едно смирување на изразот, каде што човечката фигура исчезнува од платното, а птицата добива поапстрактен третман од порано.

На почетокот од новиот милениум, палетата на Балаќ се отвора. Станува збор за промена која се огледува и во сè почестото појавување на пејзажи на нејзините слики. Овој период, којшто ќе трае околу 3-4 години, ќе започне, но и ќе заврши, со геометрискиот третман на урбаниот пејзаж којшто е под влијание на некаков посткубистички ликовен израз. Ваквата геометризација ќе го дефинира и првиот стадиум од појавата на пастелот како техника. И тие пастели-цртежи пејзажи, на кои Балаќ интензивно почнува да работи од 2003 година, минуваат низ неколку развојни стадиуми.

Првиот е под влијание на нејзините платна од минатите години (2000 – 2003). Но, тоа влијание бргу ќе исчезне и третманот на пејзажот во цртежот со пастели ќе се промени. Првата промена/новина ќе биде вклучувањето текст, а потоа и фотографии/исечоци од весници, со што Балаќ ќе влезе во областа на колажот.

movement of the different plans, bares ultimate dialecticism by introducing a segment of true modelling of the performer, like a confirmation for continuous presence of the authorial voice. The total syntagm of the elementary order, through the principle of the montage, becomes a semantic base of the distributional relationships, governed by the order between the visual poetics[22] (the pictorial suggestions), auditory elements (the axiom of the sound) and the empty (blank) black disruptions or intentional hiatuses that destabilise the linear flow of the narrative. The usage of the graphoscope as a device for carrying the assemblage from the previously created underlays, drawings and text on tracing paper, special paper cut-outs in the shape of letters, fully complete the art of the montage, as a dialectic model that reconstructs the concept of introduction, emphasising the meaning of individuality of the frame[23] and the possible ways to combine the minimal unit, the shot. The methods of convergence, intertextuality and remediation show that the potential to realise by the digital shaping can be a reversible process of the analogue, in relations to the dominant technological tendencies that take away the immanence of the creative process, the piece of art that is made by and for man.

The project *Perceptio inversa* (2018) is an installation made by inter-relationship between the artistic elements, two painted canvases and video installation that enter the spatial-virtual interaction. The concept is imagined as mapping of the economic-industrial "eco" strategies of the European Union, which after a longer process of market reduction, introduces a prohibition to use classical lightbulbs with shiny glass and heated fibers, replacing them with economical LED

21 A. J. Greimas and J. Courtés, *Semiotics and Language: An Analytical Dictionary*, trans. L. Crist, D. Patte, et al. (Bloomington: Indiana University Press, 1982), 212.
22 Daniel Barnett, *Movement as Meaning in Experimental Film* (Amsterdam: Rodopi, 1983), iii.
23 Ibid, 16.

12. **Perceptio inversa, 2018,** video installation

lights with smaller emission, hazardous to health, a piece of information included in the product's label. Inspired by this decision, Balakj critically illustrates the unstoppable power of the capitalistic coming-to-be, pointing out the manipulative methods with which the market logic becomes operative. But the critical observation is not just for a contradictory feature of the product, but also for the functional use of the lights in context with the displaying venues, where the real palette of colours of the art pieces becomes the subject of optical transformation and "aesthetic misfortune". This project shows the research potential of the author, wary of the global changes that manifest into a real discursive context by a metaphorical, comparative and balanced use of the quantum of information.

The video installation *Memorabilia* (2019), as a formal structure, is constructed by a performance in the recognisable prototype and leitmotif – the cube. The digital editing of the separate elements (walls of the cube) show a dialectic method that revises the inaccessibility of the transparent cover, creating a virtual projection of painting elements abstracted and specified at the same time. In this intricate proposal Balakj releases the subject from her pictures, the figure in *Memories of a drifter* (2014 – 2015) inside the cube, in which the individual is freer than in the open world, a world in which freedom is thought as immanent. Through the process of framing and closing, the clear contours of the personal incapability are depicted as borders of possible transgression to the existence and the possible presence that is in the imaginative world of freedom. The act of separating the material from the personal past transits across multiple (optical) filters and auditory information that illuminate the presence of the inanimate object from some kind of an imaginary world. The autonomy of the living object, whose static painting infiltration is memorised, enters a dialogue with the social world of the author, painted by an invisible exposition (the gesture of the animated moment of separation from the surface of the picture, sharing the self-representation in an open set of circumstances, unexpected styling transformations, expansion of the elementary components of multiple mediums), in the final medium closing – the video. The project represents double subjectification, as a relationship between the author's orientations to be reflected in the post-digital medium assemblage and the unexpected (unspecified) semiotic inscriptions from the animated subject's side in the given context. The complementary double, uncertain rhetoric of the subjects marks this concept as an open work, dissolved enough for further assumptions and open suggestions, with which the layered complexity from the previous intermediary achievements is confirmed, alongside the narrative span. This shaped move synthesises a few experiences from the previous intermediary achievements, and the conceptual and technical realisations shows the change of the author's perception for the possible use of different substrates of the artistic language, which, epistemologically, moves towards the subject-matter. The empiri-

13.1

13. **Memorabilia, 2019**
experimental film

13

cal provocation of the possibilities of different media confirms the untiring nature of the author for research, like a chase for the ideal world for realisation of her own ideas and visions.

Through the video installation *Stuck Together* (2020) the narrative touches on the issues regarding the refugee crisis and the never-ending hunt for an abode, meaningfully anticipated through the concept "a collective entity" and the co-dependency of that organic relationship, metaphorically augmented by the visual foreword "closed together" in a fictively demarcated space – "the cube" and, despite the indeterminacy of the territory or the geopolitical borders that, realistically, restrict the movement of the "free" masses. In this short film the author uses effects of close-up, shooting from a distance and from an angular position, enabling clear comprehension that it is about a three-dimensional "realistic" framing performed by several consequential scenic segments. The effect of close-ups is a special dialectic tool for cutting out from the real context (time and space), as a journey or closing-in to new realistic aspects and revelations that we can discover by dramatic associations, performed by gestures of the special characters. The way that the camera is used is due to a convoluted artistic language that revisits the compositional aspects of the frame on display, similar to painting re-distributions of the canvas elements. The movie structure consists of equal time sequences connected by a soft passage and dark shots or vacant middle grounds that notify an ending or upheaval of one narrative whole and waiting for the next anticipation, an effect that is achieved by an additional aural enhancement. Apart from the usage of montage effects, the expected dialogue is structured also by gestural actions of the characters, through their views that pierce far and deep into the abyss in front of them. Their numbness and fixedness, both psychologically and iconically, portray the state of inability for dynamics, for movement and moving closer. The use of a super-imposed speech oftentimes goes from a speech in first person that directly calls for attention, towards an internal diegetic circulation with (visual) absence of conversational participants, whose presence is semantic and belongs to a broader and more comprehensive category of uncertain belonging. "The Cube" as a hypothetical space implicates the needlessness to determine whatever geographic diversity, as a destination for the refugees and, at the same time, emphasises the need of recognition of human catastrophes and of the social-societal conditions as a global entropy of humanity. The effect of repeating the takes, as an iconography and theatrical setup, from a narrative aspect, implicates stability of the frame, like going back to the idea for collective co-presence of the subjects and verifying it. It is like a moment of suspension of time in the only diegesis, secured by the linear binding of the visual elements. The feeling of equilibrium of the elements in the movie image comes from the painting pretext, and slips into the use of the digital media, such as video art, not skewing away from the purview of the static, immovable, on a visual plan, while the movement is structured by the narrative flow, its temporal and spatial dispositions. The need to emphasise or compress the authorial voice, as a vision, a shaping principle, is subject to interpretative relocation of the content (the general narrative) "from" the world of reality "to" the domain of the issue "about" reality "in" art/the artistic. The subtlety of the conflictual binding of the series of "real" actions with the series that is shaped to the end and additionally bolstered by a juxtaposed speech represents a double suggestion of the act of speech, provoking the question - "to who is the speaker talking?" Can it be that the authorial voice is drawn into the narrator's first-person speech and is reanalysing its artistic stand, or does it still represent an extension of the collective's voice? The circular movement of the characters within the cube, followed by a musical recording that is, symbolically, addressing "the mother" whose "kids" are searching for some kind of a fireplace, can be interpreted as a metaphor that referentially points out the plurality of interpretative perspectives, "biological mother", "mother-fatherland", "motherland", "mother-goddess", etc. The individual dynamic of movement "inside" the painting unwraps "the closure" towards "the outside", which, once more, subtracts or closes itself in "the reality" of the demarked area. The afterword of this narrative has no conclusion. As an open suggestion, the display of one character (an old man) and the cube circles the artistry behind this work, while the referential content is left free, open to numerous possible interpretations and assumptions. The auditory narration (a train passing by) suggests an endless journey and search for a place, non-place. The lonely character at the end of the story is, actually, the anticipation for a certain beginning or narrative sprout, a meaningful search for the concept of freedom, security, amenity and a home that stays/becomes an inability, even in the endless horizon of the "free" and uninhabited territories. Tanja Balakj treats art like a tool for higher than "plainly" artistic goals, the solely aesthetic, underlining the idea that art needs to be functional in the social surroundings, not just like an epitaph of some perennial and already confirmed historic concepts, but, also, like a concept and model of situational action-taking that permits consideration *through* and *over* the display of their verisimilitude and inevitability in the human everyday life. The engagement of true characters, true personas, in the role of realistic interpreters, shows that Balakj creates directly from the principles, harnessing the full potential from the available subjects. The performance of the roles illustrates the pure importance of the sociological status of the selected characters, that, as an embedded methodological principle in the collective content of the work, slithers and transits, on a formal plan, as a convergent genre between the medium of the video art with the documentary. The use of the found subjects as constitutional elements in the total structure of the work and their reshaping, governed by the general narrative and the concept "stuck together", put the author in a dual position. The first position is an outside look, an act of speech induced by/through the characters' roles. By that it sets up an interpretative model on the selected subject. The second position locates the author inside the narrative, as

14. **Stuck Together, 2020,** experimental film





14.1

15. **The Following Day, 2020**
instalation

part of the principle *"collective affiliation"*. This dualism imposes the question of the artist's role inevitably, in the domain of societal weaving of the social awareness, but, also, of the role and function of art in a broader discursive scope. Balakj tries and succeeds to instruct an attitude that the global emigrational crisis is not just a global issue "somewhere over there" that needs to be resolved again from any authorities globally, but that it is present "here and between us", and the inability to come to a global solution depends on the human factor on a micro level.

The piece *The Following Day* (2020) is a continuation of the prior analyses of the ecological entropy, as an attempt to illuminate the contemporary aspects of conceptualising the bio-political regressions that condition and take away the right to a normal living. This work displays the permanent contradictions between the sentient and the rational, the cognitive and the invisible, life and its shapes, through a clear metaphorical identification, the childlike prints that illustrate the concept of bio-potential restoral of life on Earth. This stance of critical thinking raises the question about the meaning of going from the biological threshold to the world of shared living, in which to be predetermined to stand inside will not be just a co-presence in an extension to the engulfment, but also a responsibility and confrontation of life with life-defining norms and anthropogenic monoliths.

Tanja Balakj's poetic expression is a further research on what authorial re-establishing of realities means, using the immanence of theatrics and dramaturgy, not as a goal, but as a tool, not to express reality, but to denotes it.[24] The montage principle, as dialectics to the expressive forms, enables an abundance of perspectives from which the movie subject can be observed, persuasively showing off its hidden potential for palpable tension between reality and its otherness, oftentimes in the shape of a transparent illusion. Treating the narrative as an alternative to the experimental, for Balakj, means overcoming medium barriers and re-imagining the movie as a medium that positions itself between us and the perceived world.[25] The constant redirections of the referential puncta happens often inside the meaningful curricula of the creations, where the same starting textual template is the designated place that needs to be exposed. Cruising the intermediary space in the perused works shows that the quality of the artistry can take up spatial and temporal expansions in the domain of the virtual. The poetics, in this way, despite the complex network of conceptual and formal relations through which they travel, transforms into a game, like a model that Schechner talks about throughout Freudian terminology, the game as a principle of satisfaction or a private fantastical world[26] that untiringly challenges its own encirclement.

Natali Rajchinovska Pavleska

24 Mark Fortier, *Theory/Theatre: An Introduction* (London, New York: Routledge, 1997) 23.
25 Caterina Pasqualino and Arnd Schneider, *Experimental Film and Anthropology* (London, New York: Bloomsbury, 2014), 4.
26 Richard Schechner, *Performance Theory* (New York, London: Routledge, 1998), 13.

15

Драмското Во конфликт Со монтажното /Реалноста наспроти реалитетите

Специјализираната површина на модерното платно е онолку аристократски изум колку што воопшто можела да еволуира човековата генијалност. Неминовно, тоа што се случуваше е дека таа површина, самата боја, стана централната позициона точка на конфликтни идеологии. Заробена меѓу својата суштина и метафоричкиот потенцијал, во своето материјално тело, бојата ги реконструира заостанатите дилеми на илузионизмот.

Брајан О'Доерти, *Во белата коцка: Идеологијата на галерискиот простор* (1986)

Да се создаде можност за антиципација на некакво значење *од* уметноста, *за* општественото опкружување од/во кое се генерира таа, е едно од големите наследства на уметноста во изминатиов милениум, во чија архитрага[1] остануваат само оние дела и авторски записи коишто ги разбрале и поминале низ концептите *времетраење* и *времеодминување* на присуството на уметноста. Ангажираната уметност на авторката Тања Балаќ е еден од ретките примери што овозможуваат активна вклученост на восприемателот, на чија страна е позиционран и самиот автор, исчитувајќи го сопственото дело одново, во постојните, но и во нови значенски контексти.[2] На моменти езотеричен и опскурен, понекогаш потполно соголен и експлицитен, поетскиот израз на Балаќ покажува несомнено плодна продуктивност и разновидност, релевантна во поширокиот културален дискурс на овие простори. Антрополошката и социолошката димензија на нејзините дела аргументирано ги допира прашањата за односите помеѓу индивидуите и колективитетите, етички разобличувајќи ги прашањата за нееднаквоста, вечната (не)припадност, глобалните политички и империјалистички императиви на големите централизирани дискурси на моќта, преиспитувајќи го општествениот контекст, опсервиран локално и пошироко. Зачетокот на уметничките експерименти во сликарството на Балаќ се раѓа заедно со идејата за одминување на доминантниот постмодернизам на овие простори, како период на долготраен процес на посветено и активно истражување на изразните потенцијали, а концептот за проширување на сликарскиот медиум произлегува од потребата за поместување на границите на формалното, материјализираното и мисловното. Импулсот за излегување (надвор) од просторот на сликата се чувствува и преку внатрешномедиумските дијалози, често како чин на интермедијални интервенции, помеѓу текст и слика или како гест на иконична суперимпозиција, но и како чин на себепреиспитување, на сопствените втемелени идеи и заокружени иконографски симболи. Присвојувањето на сопствените (претходно) изведени дела во рамките на континуирана продукција го подвлекува концептот *творештво во екстензија*, како недовршеност која неуморно трага по сопствената материјалност. Придвижувањето кон просторното, од една страна, и компресијата на временското во рамките на виртуелниот домен (дигиталното), од друга страна, непосредно се манифестира преку релациски промени во наративните комутации, како процес на синтагматско преместување во доменот на парадигматското, од едно значенско ниво во друго, од еден јазичен облик во друг. Комплексните проекти и перформативни изведби што го заокружуваат циклусот *амбиенти* и *видеоинсталации* (2009 – 2020) илустрират концептуална градација која делумно се манифестира и се остварува во засебните концепти, но голем дел од акумулираното (творечко) искуство се провлекува во последователните актуализации, кои речиси секогаш оставаат еден мал момент на недореченост, недоискажаност. Одбегнувањето затвореност на делото е суштински значаен поттекст што наложува одложена читливост, означувајќи дека авторското не завршило *тука* и *сега*. Ризомот на тематски и формални определби во опусот на Балаќ е разновиден, поаѓајќи од стазисот на сликарскиот медиум во којшто можностите за изразување *на* и *преку* дводимензионалната површина на платното посегнува по нови јазични артикулации во просторното и во дигиталните медиумски вкрстувања. Потребата од изложување на идејата за временско и просторно протегање на наративите резултира со експеримент во различни методи и техники, како преиспитување на медиумските мноштва и диверзитети и како потенцијал што се обидува да ја извлече непредвидливоста на манипулативните техники, преку монтажата како принцип, во преден план. Афинитетот кон драмското кај Балаќ превладува во тематските определби, а следствено, се манифестира и на формално рамниште. Хоризонталната природа на драмското речиси секогаш е прекината и пренасочена по вертикалната оска на семантичкото, вообичаено преку звучните пунктуации или текстуални сугестии кои го реструктуираат концептот на линеарното. Структуралната поставеност на наративните инстанци, нивниот редослед и последователност во низа е модел што го воведува читателот во текстовите (делата) *со растојание*,[3] не дозволувајќи потполна транспарентност и соголеност на концептите и идеите на почетокот на приказните во филмовите. Мислата на италијанскиот автор и театарски режисер и теоретичар Еугенио Барба може да се постави како аналогија која релевантно ги подвлекува творечките особености на Балаќ, поради изложеноста на суштината на авторското трагање по концептот „од-заокружување" во циркуларните уметнички облици како што е театарот.

"[...] it is necessary to trace a circle and enclose oneself within it, remaining constant and intransigent in order to be worthy to come into contact with the vast and terrible world outside,..."[4]

Овој концепт скицира принцип на *повнатрешнување* на уметничкиот процес во сопствените меѓи и граници на дејствување, со свесност и подготовност да се постави образец, или подобро, да се постави соодветно прашање околу традиционалните форми на изразување во уметноста кои, очекувано и незаобиколно, се пресекуваат со модалитетите на општествените динамики, технолошки, концептуални и функционални. Процесот на себепреиспитување и себеистражување е вграден во динамиката на изразот кај Балаќ, како последователност чии корени може да ги лоцираме уште во самите зачетоци на сликарскиот период. Потребата од придвижување и допрецизирање на компонентите на просторното и временското протегање во сликарските остварувања резултира со комплексно и слоевито именување на сериите: *Love Long 1000 km* (1998 – 2003); *Dreamers* (2013); *Play of Presence of the Absent* (2006 – 2008) и (2007 – 2008); *Invisible Exposure* (2014 – 2015). Во наведените циклуси, идејата за оптичкото придвижување како визуелен гест артикулиран на платното навестува една нова формална и сижејна преокупација која еволуира во медиумската специфичност на видеоуметноста и на кратките филмови во следната декада.

Коцката, која како основен елемент е постојано присутна и превладува во иконографијата во филмските остварувања на Балаќ, имплицира денотација кон повеќе референцијални пунктуми. Од една страна, може да се толкува како миметичко пресликување на моделот на „белата коцка" (како синоним за институционалното), внатре во апаратусот на дејствување, како вид ескапизам изведен преку процесот на двојно повнатрешнување (коцка во коцка), простор за бегство или дијалектичка реконструкција во јавните диспозитиви, музеите, галериите, па дури и во отворениот (јавен) простор. Од друга страна, може да се толкува како хиперконтекст,[5] артикулиран преку темите и содржините што влегуваат во кооднос со формалната природа на коцката, опредметена и материјализирана преку мноштво од артикулации и обликовни постапки на уметничкиот јазик. Коцката станува утописки простор од којшто постојано се излегува, но во исто време, и простор од којшто не може (реално) да се излезе и покрај неговата, честопати транспарентна обвивка. Феноменолошки зададена, коцката е мизансценот во којшто се изведува реалноста, соочена со вистинската реалност надвор од неа. Таа е и дискурс и контекст, а во исто време и предмет на дискурзивизација во различни контекстуални определби. Вака конципирана, коцката е принцип со сопствено потекло, но и принцип којшто одново се преработува [working through][6] со цел да се извлече есенцијата на (себе)повторувањето, како почеток одново. Принципот на коцката суштински ја разградува идејата за врамување, поставена внатре во циркуларната моќ на кооптација[7] и комодификација на секоја антагонистички насочена уметничка концепција, како потврда дека не постои уметност надвор од институциите, туку само уметност која работи однатре и критички опсервира гледајќи подалеку од хоризонтот на „отворените" институционализирани перспективи. Мизансценот на коцката симболизира различни начини на зафаќање ист простор,[8] а генеалогијата на концептот „мизансцен" може да се следи до моделот на театарот,[9] каде што односите помеѓу телата и рамнините, различните планови на рамнините и тродимензионалниот простор во којшто се одвива театралното дејствие го ситуираат гледачот во просторот определен за публиката. За разлика од театарскиот мизансцен, моделот на мизансценот во коцката како простор во којшто се влегува, физички или виртуелно, овозможува бришење на четвртиот ѕид и театарската завеса, а гледачот станува дел од просторната структура која наложува поангажирана интеракција и движење низ процесуалниот императив на делото.

Проектот „Куфер полн со тага" (2009) е првиот од серијата амбиенти и инсталации во просторот, создаден во облик на коцка, што како основен модел за деконструкција и преобмислување ја следи ликовната линија на Балаќ сè до нејзиното последно дело. И покрај навидум херметичкиот облик и волумен на коцката, внатрешноста во секој нареден уметнички контекст содржи различни концептуални ветувања и реконструирани имагинации. Влегувајќи во затворениот простор на коцката, спектаторот станува дел „од" и конститутивен елемент на сценската структура, во која аголот на набљудување на основниот објект, во разгледуваниот контекст (куклата во седечка положба), секогаш имплицира нови опсервациски положби. Антрополошката димензија на просторот го поставува гледачот во ритуална позиција, како чин на реоткривање на едно исто емитирано повторување на перформансот. Оваа органска поврзаност на восприемателот и делото ја изложува авторската интенција за активна вклученост во процесот на создавање на значењето, како еден од аспектите на *евокативната драматургија*.[10] Инспирацијата за ова дело на Балаќ е акумулирана (интимна) феноменолошка, духовна состојба, трансмитирана како сензибилитет до гледачот, преку суптилно и јасно обликувани иконографски референци. Празнината исполнета со немоќност за вербализација, за говор, за придвижувања, миметички е претставена преку избраниот модел (пластична и ампутирана кукла), чие опкружување со беконечно многу испишани зборови во весниците што го сочинуваат омотот на објектот, останува мистифицирано во пресрет со моментумот на феноменолошкото сообразување на восприемателот со делото.

Триптихот „Предупредување" (2010) претставува пресек на едно енформелно искуство на авторката, со основен носител на комуникативниот двигател – информацијата. Ѕидниот објект, реди-мејд (најдена врата од фрижидер), е дообработен со плитко и длабоко рељефно засекување и длабење на материјалот (стиропор), онолку колку што е неопходно за да се постигне ефектот на предметност. Чувството за ред во структурата[11] на сликата-објект доминира во поделбата и распределбата на посебните делови. Јукстапозицијата на вертикален и хоризонтален текст[12] монтажно спојува и раздвојува во исто време значенски односи и антиципации, додека присвоениот и вграден елемент на сликата (фотографија) во рамките на централниот сегмент на композицијата повикува на блиско читање и фокус врз микроелементите (фигури од војници) што се појавуваат како дополнителен дескриптивен елемент на макроцелината. Поставеноста на зборовите дополнително ја придвижува динамиката на читливост создавајќи перспектива за различни значенски конотации.

„Здивот на животот со името втиснат" (2012) е проект во којшто авторката го преработува постојниот модел (кукла) во нова значенска и проширена содржинска целина. Облогата од весници во новата визуелна конфигурација е заменета со испишан текст, којшто излегува од димензијата на предметното суперпонирање и транзитира во амбиентално опкружување на ѕидовите на просторот. Отворањето на „скриптумот" одбележува чин на ослободување на говорот, на гласот на авторката, како концепт на отворено изложување на мислата во полна динамична фузија. Ефектот на ротација околу сопствената (мисловна) оска е постигнат преку оптички и дигитални ефекти на сликата, како континуирана и наизменична елевација од сопственото тежиште на гравитација.

Видеоесејот „Граѓани 1" (2012) е конципиран според принципите на интертекстуалност, создаден од два основни наративи, визуелен и аудитивен. Визуелно-звучната нарација е структуирана од осумдесет и четири промени на кадарот во две сцени (еден текст) и суперпониран говор како носител на друг текст, на други сцени, настани и дејствија во отсуство. Референцијалното означување има променлива и транзитивна патека во текот на приказната, менувајќи ја положбата од доменот на визуелното во доменот на говорниот чин. Статично поставената камера одблиску кадрира единствен мизансцен, како око на авторот или огледало на ликовите кои се менуваат и свесно демонстрираат изложеност на снимање. Клучната мобилизација на мисловниот процес кај восприемателот (читателот) се активира при контакт со очите на снимените карактери, извлечени во преден план на кадарот. Психолошкото портретирање на ликовите го вовлекува гледачот во секоја индивидуална приказна посебно, не оставајќи поголем простор за мисловни паузи. Поради брзината со која се менуваат кадрите, оваа динамика наложува потреба од одново препрочитување на делото. Погледот кон камерата директно пенетрира до психолошката рецепција кај гледачот, не поради нивниот застрашувачки, стигматизиран или неизвесен поглед во сопственото минато и иднина, туку поради процесот на мислење,[13] трансмитиран преку чинот на гледање.

Вториот дел на видеоприказната „Граѓани 2" (2013) е вкрстување на две засебни, но поврзани приказни, според методологијата „текст во текст", или „дело во дело",со содржински и суплементарен сооднос помеѓу два засебни елементи. Концепцијата „внатре во" и „надвор од" основниот наратив на делото е основна методологија во уметничкиот принцип на Балаќ, истражена и аргументирана речиси во сите нејзини видеоостварувања. Карактерите од првото дело, или првиот чин на приказната, се поставени „надвор" во вториот дел и се самонабљудуваат, поминувајќи низ моментумот на *интроспекција*, претходно реализиран како чин на *екстроспекција* (во првиот дел) од страна на авторот. Оваа двојна психолошка игра, со аспектот на „погледот", „гледањето", „набљудувањето", не е едноставен чин на опсервација, туку *чин на пунктуација*. Концептот „студиум" [lat. studium] подразбира проучување на сцените и нивната поставеност, со конотација во сегашноста во која се одвиваат дејствијата, се артикулираат гестовите итн.[14] За разлика од *студиумот* во *Граѓани 1* (2012), *пунктумот* како метод во вториот дел овозможува отсекување [cut-out][15] на делови од приказната, интерполација и синхронизација (визуелна и аудитивна) во нова дигетичка рамка, проширувајќи го опсегот на податоци, детали и информации за настаните што се делумно апстрахирани од сопственото опкружување и место на случување. Техничката реализација на вториот дел од видеоесејот е линеарна и циркуларна, кадрите се спојуваат со мек премин, без драматични ефекти на прекин помеѓу посебно снимените сцени. Овој модел на транзиција од еден настан во друг конституира единствена последователна оска на нижење, во која движењето во рамките на кадрите аксиоматски е подредено на текот на основниот наратив. За разлика од фиксните положби на карактерите во првиот дел, во вториот тие се прикажани во сопственото место на дејствување, дескриптивно поткрепени со неопходната сценографија и иконичност која овозможува подлабока и поангажирана читливост. Илустрацијата на „работниот процес" на поединечните ликови сугерира одредиште на различни класни стратуми и општествени состојби, како директен говор на процесот на работа, творечки, уметнички, производствен, индустриски, административен, спортски итн., и на тој начин на гледачот му е овозможено патување низ различни секојдневја и животни приказни, во кои на индивидуата секогаш ѝ е предодредена некаква општествена улога.

Естетскиот континуум „Циклус на другоста" (2013) претставува линеарен наратив изведен преку единаесет фотографии од перформанс, како дијалог помеѓу жив модел и неговата замислена преслика, кукла, лајтмотив што се појавува во претходните дела. Текстуалната суперпонираност, или придружба на визуелната предлошка, образува директен дијалог помеѓу гласот на нараторот и восприемателот, структуирајќи отворено поле за интермедијално исчитување и поврзување помеѓу различните текстови (фотографската слика и текстуалните синтагми). Тематската компонента е расположена како сугестија на симболична разделба на субјектот, раскажана преку концептите контрадикција и негација помеѓу вербата и настанувањето, помеѓу сопствениот апсурд и сонувањето, искуственото и експерименталното. Замислениот субјект транзитира од себеудвојување и себемултиплицирање, до сопствениот привид што ја открива вистината во зборовите, како чин на двојна субјектификација. Дијалогот станува монолог и внатрешен разговор, како следство на внатрешна противречност и анихилација на сопствените идеали.

1 Концептот *архитрага* во овој контекст реферира на поимот „репрезентација на говорот" воведен од Жак Дерида, како впишување на разликата како ткаенина на трагата [trace] како единство на искуството на времето и искуството на просторот. „Она што е испишано секогаш на накој начин е отстрането од својот референт, како чувство, како вистински/историски настан [...]" Niall Lucy, *Derrida Dictionary* (Malden, MA: Blackwell Publishing, 2004), 156-159. Види уште во Jacques Derrida, *Of Grammatology* (Baltimore: Johns Hopkins University Press, 1974), 38.

2 Roland Barthes, *Criticism and Truth*, trans. Katherine Pilcher Keunemann (London: Continuum, 2007), 25-26.

3 Поимот растојание претпоставува референтна точка, при што текстот претрпува „временско одложување". Alice Bell and Marie-Laure Ryan, *Possible Worlds Theory and Contemporary Narratology* (Lincoln, London: University of Nebraska Press, 2019), 65.

4 Eugenio Barba, *On Directing and Dramaturgy: Burning the House* (New York: Routledge, 2009), xv.

5 Gregor Stemmrich, "Heterotopias of the Sinematgographic Institutional Critique and Cinema in the Art of Michale Asher and Dan Graham," in *Art After Conceptual Art,* eds. Alexander Alberro, Sabeth Buchmann (Cambridge, Mass; London, England: The MIT Press; Vienna, Aistria: Generali Foundation, 2006), 138.

6 Sigmund Freud, "Remembering, Repeating and Working-Through: Further Recommendations on the Technique of Psycho-Analysis II (1914)," in *The Standard Edition of the Complete Psychological Works of Sigmund Freud,* ed. and trans. J. Strachcy (London: Hogarth Press, 1958), 12: 145–56.

7 Douglas Robinson, "Shkolovsy's Hegelijanis," in *Estrangement and the Somatics of Literature: Tolstoy, Shklovsky, Brecht* (Baltimore: The Johns Hopkins University Press, 2008), 136-137. Robert Stam, "The two Avant-Gardes: Solanasand Getino's: *The Hour of the Furnaces,"* in *Documenting the Documentary: Close Readings of Documentary Film and Video, New and Expanded Edition,* eds. Barry Keith Grant and Jeannette Sloniowski, forew. Bill Nichols (Detroit, Michigan: Wayne State University Press, 2014), 285.

8 Jacques Aumont ed., "La mise en scène feuilletée," in *La Mise en Scène* (Bruxelles: De Boeck Université, 2000), 129.

9 Edward Branigan and Warren Buckland eds., "Mise èn Scene," in *The Routledge Encyclopedia of Film Theory* (London, New York: Routledge, 2014), 296. Jacques Aumont, ed, "La mise en scène feuilletée," in *La Mise en Scène* (Bruxelles: De Boeck Université, 2000), 129.

10 Barba, *On Directing and Dramaturgy: Burning the House,* 10.

11 Umberto Eco, *A Theory of Semiotics* (Bloomington, London: Indiana University Press, 1976), 50.

12 Roland Barthes, *A Barthes Reader,* ed. and intr. Susan Sontag (New York: Hill and Wang, 1983), 257.

13 Roland Barthes, *Camera Lucida: Reflections on Photography,* translated by Richard Howard (New York: Hill and Wang, 1981), 38.

14 Ибид, 26.

15 Bela Balaž, "Filmska Kultura," prev. Sonja Perovič u *Teorija Filma,* prir. Dušan Stojanovič, 89-90.

„Кој е публиката?“ (2013) е предлог-проект за Венецијанското биенале, којшто не е реализиран и постои само како документиран идеен концепт за конкретна ангажирана тематска сугестија. Идејата за поставеното (наметнатото) прашање „Кој е публиката?“ е втемелена врз комплексните односи помеѓу различните етникуми, индивиди и колективитети што споделуваат заеднички просторен и виртуелен хабитат, во даденият случај симболички конструиран преку отворениот облик на коцката. Визуелизираниот објект-коцка е повеќе од место [place], тој е простор [space] на распределби на различното,[16] но еднаквото, на поделеното но споделеното секојдневие на сожителите во едно претпоставено конфликтно место за живеење. Концептот на *отвореност* и *поглед од горе* не е само модел на експликација на можните интеракции во даден хуман простор, туку и уметничка опсервација која интерпретативно нуди кохерентен и динамичен топос како хиперболизиран и имагинативен простор за дијалог помеѓу индивидуите. Од социолошки аспект, дијалогот е еден од основните дијалектички обрасци коишто овозможуваат процес на комуникација, како нужен предуслов за општественост.[17] Прагматикатата на комуникативниот јазик, како што е уметничкиот, вака конципирана и замислена, ја потврдува контекстуалната употреба и можната функционалност на *чинот на говорот*. Проектот *Кој е публиката?* излегува од доменот на естетското, референцијално влегувајќи во димензијата на заедничкото [common], како предлог за структурална трансформација на доменот на јавниот простор во којшто аксиоматски се наметнува прашањето за она што значи поедначава интеракција на поголемите и помалите (маноријални) групи во еден единствен, ситуационо конструиран простор.[18] Интерполацијата на „празниот простор“ во рамките на комуналното ја подвлекува идејата за мобилизација на индивидуите надвор од сопствените „сигурни“ засолништа (домовите), метафорично посочувајќи кон единственото „слободно“ место за вкрстување на партикуларитетите. Линијата на разделби и граници (улицата) во исто време симболизира перспектива за трансгресија и субверзија на концептот „одвојување/раздвоеност“. Со овој предлог-проект, Балаќ го проширува сопствениот хоризонт на делување, влегувајќи во сооднос со глобалните и наметнати хиерархии на политичкото и општественото. Иконичното поврзување во заедничкиот простор на коцката, како асоцијација, покажува дека посебните места, и покрај идеолошките, социолошките и класните диверзитети на групите и нивниот определен и хипотетички омеѓен простор, можат да влезат во мрежа на односи само доколку постои препознавање на различностите и потенцијал за кооперативност. Комплексниот ризом на релации кои Балаќ ни го расплетува преку овој уметнички гест сугерира интердискурзивно преплетување на етичкото, естетското и реалното.

Видеоинсталацијата „Триптих“ (2014) е колаж од засебни филмски сценарија реализирани преку триканално видео, составено од посебните делови „Триптих-бакнеж“, „Триптих-раѓање“ и „Триптих-игра“. Ова е единственото дело од серијата дигитални видеозаписи на перформанси, во кое самата уметница изведува перформанс, со речиси документарна вредност, бидејќи е мемориран дел од продуктивниот процес на уметничкото создавање зад сцената. Изведен со брза и динамична промена на кадри, методот на јукстапозиција овозможува наизменично читање на референциите во различните сцени. Првото видео „Триптих-бакнеж“ е приказ во крупен план на уметницата во позиција на спиење, сонување, врз чие лице (уста) поминува полжав. Применетата метафора дозволува поистоветување на „полжавот врз усната“ како синоним за немост или онеспособеност за говор, дури и кога мисловното несвесно излегува од доменот на реалноста и влегува во состојба на сонот. Втората сцена, во рамките на истиот видеоелемент, го елаборира концептот на уметникот и делото како неразделни компоненти од идејата за единство на материјата. Реалната фигура на авторката, наспроти артифициелното (куклата), создавачот наспроти создаденото, се конститутивни елементи од дијалогот помеѓу потенцијалот во протегање и неговиот конечен облик, помеѓу зачетокот што се протега помеѓу двете конечни точки, креаторот и неговиот производ. Чинот на испишување врз моделот на куклата може да се протолкува како чин на вечно враќање на енергетското распределување на поетиката на изразот во различни дискурзивни контексти, како дисперзија и ослободување на авторскиот глас, писмо кое секогаш се враќа назад во своето потекло, во некаков, повторно енергетски облик или материја која едноставно не може да биде истрошена. Вториот видеозапис „Триптих-раѓање“ го прикажува процесот на балсамирање на живиот модел којшто покажува отпор кон трансформација и себезатворање, додека третиот видеонаратив „Триптих-игра“ е колаж од фотослајдови од циклусот [*Otherness*], погледнати од една нагласено надворешна перспектива како процес на себеопсервација. Динамиката на визуелната и аудитивна назименичност е постигната преку различни позиции на камерата, статична и ротирачка, преку модулизација на светлината, а различното времетраење на видеоделовите дополнително ги нагласува кинетичките потенцијали за амбиентална интеракција што ја создаваат дигиталните медиуми како просторно-временско обединување во доменот на виртуелното.

Во делото „Раѓање на нацијата“ (2016), Балаќ ја истражува димензијата на перформансот, како временски заснован медиум, којшто преку говорот на телото раскажува една концентрирано забавена приказна на наративот. Идејата за „раѓањето на нацијата“ во суштина може да се толкува како идентитетска потрага и преиспитување на поимот „припадност“, како метафора изведена преку синхронија на гестуалните асоцијации на *телото* (фертилизирана жена) и *иконичното* (знаме) кои влегуваат во „просторна“ и „виртуелна“ интеракција. Наративот бавно се расплетува преку движењето во конструираниот мизансцен и внимателно избраните симболични насочувања на погледот, а избраните конотативни средства, материјалите, превезот околу очите, обвивката околу телото, завесата и нејзината хаптичка природа, земјата и нејзината тактилна природа, ја структурираат ликовната предлошка на обмислената целина. Превезот врз очите игра клучна улога во расплетувањето на фабулата, конципиран како невозможност за надворешна перцепција, и покрај чувството за добра координираност во зададените параметри на движење, природниот импулс за надминување на чувството на несигурност и вкочанетост при себепозиционирањето во непознатата празнина претпоставува извесен иманентен отпор или негодување во процесот на сообразување со реалноста и препознавање на конкретното присуство во таа реалност. Вниманието на гледачот активно се впива во психолошката димензија на карактерот, којшто постепено развива свест за можното ослободување, што како чин се интензивира со отстранувањето на превезот, потврдувајќи ја состојбата на егзалтација и чувство на присутност и покрај затворените очи, чија функција е гледањето, согледувањето и поврзувањето на субјективното и објективните реалитиети. Драматургијата на погледот е изведена преку директна насоченост кон камерата, со статична позиција на главата во однос на телото, која останува фиксирана дури и во моментот на разоткривање на состојбата на телото и можноста за плодотворност, раѓањето. Во овој момент активно се повикуваат референците од именувањето на текстот (насловот), филмот или концептот „раѓање на нацијата“ како неминовен процес којшто се одвива дури и кога постојат несвесни циклуси и определби, бидејќи втемелувањето на секој поединец од оваа концептуална сугестија се доживува како генеративен процес чија особина е *априори* зададена и предодредена и следствено мигрира како наследство од едно колено на друго, како ризом на семејното стебло, чија почва е споделеното чувство за идентитетско коприпаѓање. Континуитетот на настанувањето во рамките на дадена комплексно структуирана рамка на припадност се манифестира преку сигурното чекорење напред, без негодување, бидејќи определената точка е мемориското наследство, вградено во иманенцијата на себепозиционирање во обмисленият дискурс на националната припадност. Моќта на говорот на телото и гестовите се сценски засилени преку светлосната суперимпозиција во облик на круг проектиран врз невидливата завеса како средство за техничка реализација на моделот на преминот, портата, кон просторот на разделби или спојувања. Оваа кружна (феноменолошка) перспектива на возможната идентитетска патека оптички се трансформира во симболот на знамето, којшто конституира ореол околу централно поставената човечка фигура. Крајот на овој чин и преминот кон следниот во којшто е кадрирана видеопроекција е овозможен преку мека амбиентална исполнетост на видливото поле со проекција на видеоматеријал од претходно снимен материјал (олујни облаци), со светлосно притивнување и ново пунктуално прецизирање кон полето на посакуваниот фокус. Ликовноста не ја напушта авторката и во нејзините видеоостварувања, силното чувство за композиција превладува во поставеноста на видеопроекцијата во просторот на филмската слика или кадарот, како и во поставеноста на снимениот детаљ на „песочната материја“ во однос на текстуалната јукстапозиција, која постепено се испишува пред очите на восприметелот. Тавтолошкото пресликување на содржината на текстот со/во/од содржината на визуелното останува во доменот на концептуалната отвореност на делото, без наративно дополнение. Коментарот или текстуалната нарација (*Here is no water but only rock, Rock and water and the sandy road. The road winding above among the mountains, which are mountains of rock without water. Thomas S. Eliot*) не ја разоткрива во потполност авторската интенција, туку само посочува, сугерира, воведува во полето на можните претпоставки околу можното значење што би произлегло од исчитувањето на делото. Техниката на намалување на рамката на видеоелементот, или оддалечувањето на камерата, како ефекти на премин од еден во друг кадар, покажуваат дека Балаќ професионално и вешто ги утилитизира техничките потенцијали на дигиталните медиуми за целите на поетскиот израз. Лежечката положба на карактерот на бремената жена (со откриени очи) врз песочната подлога (во позиција на фетус) е прикажана во црно-бела техника, што како визуелен континуитет помеѓу првата и третата сцена, може да се толкува како намерна ликовна контрадикција помеѓу реалното и имагинативното. Таа спротивставеност помеѓу актуалноста и актуализацијата се проширува и во четвртиот кадар, во којшто истата положба на лежечкото тело е прикажана од симетрично пресликана позиција, во колор-ефект, со минимална, но значенски суштинска разлика во третманот на очите, овој пат повторно обвиткани со превез. Различните агли и позиции на камерата која го регистрира женското (лежечко) тело го мистифицираат поимливиот аспект на оваа секвенца од наративот којшто во континуитет на сцената ја враќа симболиката на одврзан превез на очите, додека се одвива процесот на сонот. Во следниот кадар, субјектот е поставен во стоечка положба (потпрен на некаква маса), а погледот станува сè појасен, пофокусиран во однос на претходните моменти. Чинот на разјаснување доаѓа преку симболиката на ставање капки во очите, која е дополнета со повторното ставање на превезот, обележува сигурност и подготвеност за процесот на патувањето. Семиотичката димензија на перформансот го приближува овој медиум до театралноста и театричното, до драмското, материјализирана преку употребата на различни конститутивни сценски елементи, како светлото, движењето, говорот на телото и останатите објекти и предмети коишто се суптилно и реторички искомуницирани. Настанот во овој проект се доживува како момент на зачеток, но и како крај или конечност, како постојано протегање помеѓу сопственото отпочнување или завршување. Идејата за раѓање, како сугестија на цикличен процес, е поставена во кооднос со идејата за смртта и умирањето на обесплодената почва која произлегува од ентропијата на „карпата“ како синоним за вечност. Оваа поставеност на наративот поттикнува неколку прашања околу процесите на себерегенерирање и процесите на враќање „во“ нуклеусот на првобитната енергија или замислениот дискурс на идентитетските одредници. Ова дело припаѓа кон серијата лирски творби на Балаќ, поставувајќи ја звучната нарација како основен носител или придвижувач на концептот за единство на наративот. Симболиката на превезот на очите, и неговото одврзување, метонимично ги поврзува значенските односи на референциите и бројните конотации, остварувајќи директен контакт или прекин во комуникацијата со гледачот, како моќно реторичко средство на јазикот на уметноста.

Музиката е значаен елемент за лирскиот сензибилитет во филмовите на Балаќ, првиот и основниот носител на апстрактната димензија на мислата. Во краткиот филм „Црвена земја“ (2017), празната и црна лексика на кадарот во дијалог со музиката која му следи или му претходи ја поставува основата за неодреденост или непрепознатливост за тоа за каков вид уметничка артикулација станува збор. Влегувањето во ликовниот простор, и неговата возможна препознатливост како тродимензионален, е овозможено преку движењето на карактерот, кадрирано од птичја перспектива, со дискретна илуминација од еден агол на просторот, сликата, сцената. Ритамот на музиката е синхронизиран со чекорите на карактерот, чии траги на површината испишуваат некаква траекторија или отпечатоци на присуство во даден когнитивен простор и една (уметнички) утврдена и конструирана пикторална рамка. Лутањето со поглед низ просторот е принцип што е често присутен како психолошка димензија во перформансите на ликовите во филмовите на Балаќ, па така и тука моментот на пауза и прекин е дополнет со момент на зачудност, трагање по некаква точка на можна фиксација во бескрајниот хоризонт. Дехроматизацијата (обезбојувањето) на реалниот простор е постигната со црно-бела техника на сликата, во која светлината е единствениот маркер или средство за контраст помеѓу сивите тонови. Преминот од стерилна и непрепознатлива околина се случува преку движењето на погледот на карактерот, како принцип што овозможува поврзување на две сосема одвоени наративни рамки на приказната, фикцијата, фабулата. Следниот кадар е приказ на траги од чекорење врз „црвена земја“ во забавен временски тек, движење проследено со последователното присуство на камерата од позиција на човечка перспектива, онаа на карактерот. Допирањето и просејувањето на земјата низ прстите симболично го скицира концептот трошност, разградливост, ефемерност, но ја нагласува и потребата од допир, спојување, како чекор назад кон примордијалниот принцип на животот, „никнат од земјата“. Фронталниот приказ на сцената во која карактерот се „мие“ и се опсипува со земја е подолга временска секвенца со мало скратување на реалното одвивање на времето, која завршува со пронаоѓање на огледалото под површината на земјата. Одразот на лицето во огледалото прикажан преку оптичкото удвојување на сцената покажува дека авторката си поигрува со техниките на длабинскиот фокус, како техника која структуира „слика во слика“ и „прекршена“ точка на комуникација со гледачот. Мимикричното покривање и обвивање на ликот со црвената земја ефектуира целосен „камелеон-ефект“ и поистоветување на принципот на жената (како мајка), преземајќи ја суштинската карактеристика на земјата, раѓањето. Оваа симболичност на земното, раѓањето и жртвата за човечкиот род се надополнува преку внесување иконични знаци од фрескоживописот од олтарот во црквата „Св. Ѓорѓи“ во Курбиново.[19] Фрагментирана и мозаично раздвоена, иконичната предлошка (фреската) е поставена како контрапункт во однос на двојната визура, онаа на карактерот и онаа на восприметелот, но и како порта или премин во нова димензија на постоењето, местото во кое се раѓа новиот живот. Ова иконично удвојување, како реторички чин на визуелниот говор, ги поврзува референцијалните точки на основниот наратив, распоредени по должината на парадигматската оска на настанте, така што не може лесно и веднаш да се открие каде се наоѓа зачетокот на значенската предлошка. Визуелните наративи на Балаќ раскажуваат, воведуваат, поставуваат заплет и сиже во линеарно течение, но нелингвистичката форма на јазикот е повеќе од читлива, и вербалното е повеќе од гласно и присутно, пренесено преку моќната сугестија на пикторалното. Во продолжение на овој чин, средбата со земјата и потребата од тактилно сообразување со нејзината материја (не само материјалност), бележи нужна потреба од враќање назад „во“ и одново раѓање на енергијата која никогаш не го изгубила својот потенцијал за себеповикување. Синтезата на просторните и енергетските полиња при средбата на „животот во одминување“ (симболизиран преку карактерот на старицата) и „животот во зачеток“ (симболизиран преку карактерот на бебето) повикува на сложена компаративност помеѓу искуството „од животот“ и несвесното „настанување во битие“, како импрегнирано значење кое се оцртува во силуетите на сенките. Длабокото „копање“ и трагање по дното и фундаментот на почвата, во следната сцена, скицира концепт на одново градење на сопствениот олтар и сопственото огниште. Мултипликацијата на сцената во еден кадар естетски и формално е постигната преку светлосните снопови што ги раздвојуваат различните драмски позиции на перформансот, но останувајќи во непрекината интеракција и дијалог помеѓу засебните елементи, којшто разговорно се манифестира и покрај отсуството од текстуални или вербални дополнувања. Оваа визуелна игра со избраните формални средства, перформанс, иконографски пунктуации, аспектот на окото зад камерата, продукцијата и постпродукцијата, монтажното гледање и монтажното уредување, покажува дека уметничкиот јазик на Балаќ е во потполност артикулиран говор, како обликовен гест којшто не бара поддршка во дополнителни описи или класични наративни формулации, туку обмислено се обраќа преку ликовното како вградено во филмскиот израз. Преклопувањето на формалниот израз и тематските определби е особеност на референцијална транзитивност, постојано во движење, менувајќи ја својата положба од означителот кон означеното и обратно. Крупниот план на соѕиданиот елемент во просторот метафорично ја спушта завесата на сцената, зад која имаме можност да погледнеме уште еднаш и да согледаме дека вербата ги разоткрива нештата сè додека постои истрајност во потрагата по неа.

Краткиот експериментален филм, насловен „Без приватност“ (2016), го изложува артикулативниот потенцијал и дијалектичката моќ на филмот како вербален медиум. Континуитетот на екстензии на поимот уметничко дело го гледаме и во оваа сложено кодирана предлошка. Методите на конвергенција и интертекстуалност на содржинско и формално рамниште одново се преиспитуваат во единството на изразот. Кратките секвенци од последователните кадри ја резимираат сижејната преокупација на наративот, чија основна интенција е да го илустрира концептот „приватност“ во доменот на „јавната сфера“. Подраскажувањето е критички втемелено во концепцијата понадворешнување,[20] како процес преку којшто човекот станува екстернизиран објект во доменот на виртуелната комуникација што се одвива преку јавните мрежи. Како алатка со сопствена материјалност, овој паметен софтвер (интернетот) го трансформира корисникот во производ, заземајќи макроскопски размери во доменот на приватноста, трансформирајќи го човекот од субјект кој набљудува во набљудуван субјект/предмет. Контролата и надзорот влегуваат во приватноста, преку процес на објектификација, како виртуелен простор преполн со различни податоци и извори за нив, не оставајќи простор за препознавање на потребноста или непотребноста на квантумот на информации, поради тоа што и самиот пребарувач (корисникот), повеќе или помалку, станува дел од таа политика на размена. Поаѓајќи од концептуалниот наслов којшто е конструиран, не *апостериори додаден* или како дообјаснување на делото, тој е вграден во идејата за делото, како структурален елемент на наративот. Колажот од посебни исечоци од хартија во облик на букви, поставени во сад со течност, е мануелно анимиран (придвижуван) сè додека не се постигне бараната зборовна комбинација. Оваа методологија го покажува креативниот процес како чин на посредување на носителот на информацијата, како комуникација изведена преку проекција со графоскоп на избраната видна површина. Во суштина, процесот на аналогно-дигитално поставување на сликата е чекор назад, враќање кон вистинската експерименталност, која во доменот на виртуелното сè поретко се употребува, поради достапноста на новите алатки и леснотијата со која тие (се) манипулираат и масовно се употребуваат. Течната супстанција како вибрантна, динамична и транспарентна подлога се манифестира како вертикален импулс што се обидува да го создаде редот на слободната формација на дисперзираните елементи (буквите), како независна наративна целина која конотира некаква логична низа на зборообразување. Оваа композиција создадена од посебни делови, не е само текст што треба да се исчита „во“ рамките на делото [privacy off], туку денотира исчитување кое треба да следи „од“ опсервацијата на она што следи последователно. Цртежите со графит и туш врз паус се создадени како мултипликација и репродукција на постојна иконографија присутна во делото *Презаситеност од немири* од серијата *Invisible Exposure* (2014 – 2015), во автентичниот ликовен контекст, сликарството, изведени во масло на платно. Елементот на женската

16 Seymour Chatman, *Story and Discourse: Narrative Structure in Fiction and Film* (Ithaca, New York: Cornell University Press, 1978), 96.

17 Georg Simmel, *The Sociology of Georg Simmel*, ed. and trans. Kurt H. Wolff (Illinois: The Free Press, 1950).

18 Jurgen Habermas, *The Structural Transformation of the Public Sphere: An Inquiry into a Category of Bourgeois Society,* trans. Thomas Burger, ass. Frederick Lawrence (Cambridge, Massachusetts: The MIT Press, 1991), 6.

19 Иконографските референци на фрескоживописот се употребени од критичка перспектива, како согледби на актуелните состојби и негрижата за историското наследство од страна на овластените институции.

20 Douglas Robinson, *Estrangement and the Somatics of Literature: Tolstoy, Shklovsky, Brecht* (Baltimore: The Johns Hopkins University Press, 2008), 136-137.

фигура може да се толкува како гест (дело) што може да се цитира, отсечен [cut-off] и апстрахиран од сопственото опкружување, поради потенцијалот за повеќезначна употреба во различни медиумски контексти и нови обликовни ситуации. Нова значенска конотација во која влегува овој визуелен цитат е создадена со именување [otherness] како концепт на другоста, којшто ги разгранува различните нивоа на чија рамнина се формираат нови дискурзивни референци. Излегувајќи од еден архиконтекст, „презаситеност од немири", фигурата станува подлога на нова актуализација, како апстрахиран елемент од сопственото потекло, во ново контекстуално гнездење,[21] концептот на другоста. Принципот на разградување и одделување парчиња ликовен материјал (техника туш) од основниот прототип (силуетата на фигурата), како знак што се умножува преку јукстапозиција на една врз друга подлога (различни пропорции и обоеност), перформативно го изведува концептот „другост", којшто симболично се враќа, или се обидува да се преслика и да се сообрази со својата онтогентичка подлога. Оптичкиот ролер, којшто споро ја илуминира текстуалната предлошка, си поигрува со потенцијалите на ретиналното, создавајќи визуелна семиоза која се надополнува во следните кадри, во кои, пак, концептот на циркуларноста е конституиран со мануелно придвижување на течноста. Оптичката суперонираност на нивоата влегува во нова дијалошка форма со проекција на сенка на реално тело врз ѕидната површина, миметички пресликана силуета на цитираната фигура, што како метод на аналогно поместување на различните планови претрпува крајна дијалектизација преку воведување сегмент од вистинскиот модел на перформерот, како потврда за континуирано присуство на авторскиот глас. Вкупната синтагма на елементарното подредување, преку принципот на монтажата, станува семантичка подлога на дистрибутивните односи, раководени од распоредот помеѓу визуелната поетика[22] (пикторалните сугестии), аудитивните елементи (аксиомата на звукот) и празните (бланк) црни прекини или намерни паузи, што го дестабилизираат линеарниот ток на наративот. Употребата на графоскопот како средство за пренос на асемблажот од претходно создадени подлоги, цртежи и текст на паус, посебни исечоци од хартија во облик на букви, во потполност ја комплетира уметноста на монтажата, како дијалектички модел што го реконструира концептот на претставувањето, нагласувајќи го значењето на индивидуалноста на рамката[23] и можните начини на комбинација на минималната единица, кадарот. Методите на конвергенција, интертекстуалност и ремедијација покажуваат дека потенцијалот за реализација преку дигиталното дообликување може да биде реверзибилен процес на аналогизација во однос на доминантните технолошки тенденции, кои ја иземаат иманенцијата на креативниот процес, уметничкото дело од човек и за човек создадено.

Проектот „Изменета реалност" (2018) е инсталација составена од меѓуодносот на ликовните елементи, две насликани платна и видеоинсталација, кои влегуваат во просторно-виртуелна интеракција. Концептот е замислен како мапирање на економско-индустриските „еко" стратегии на Европската Унија, која по подолг процес на пазарна редукција, во 2012 воведува забрана за употреба на класичните светилки со блескаво стакло и вжарено влакно, заменувајќи ги со штедливи лед-светилки со помала емисија, штетни по здравјето, податок што е вклучен на амбалажата на самиот производ. Поттикната од оваа одлука, Балаќ критички ја илустрира незапирливата моќ на капиталистичкото поставување, укажувајќи на манипулативните методи со коишто пазарната логика станува оперативна. Но, критичката опсервација не се однесува само на контрадикторната назнака на самиот производ, туку и на функционалната употреба на светилките во контекст на изложбените простори, каде што реалната палета од бои на уметничките дела станува предмет на оптичка трансформација и „естетска несреќа". Овој проект го покажува истражувачкиот потенцијал на авторката, свесна за глобалните промени што се манифестираат во реален дискурзивен контекст, преку метафорична, компаративна и одмерена употреба на квантумот на информации.

Видеоинсталацијата „Меморабилија" (2019) како формална стуруктура е конституирана од перформанс изведен во препознатливиот прототип и лајтмотив – коцката. Дигитално уредување на посебните елементи (ѕидни површини на коцката) претставува дијлектички метод што ја преиспитува непропустливоста на транспарентната обивика, создавајќи виртуелна проекција на сликовни елементи апстрахирни и конкретизирани во исто време. Во овој сложен предлог, Балаќ *го ослободува* субјектот од нејзините слики, фигурата од делото *Сеќавање на еден талкач* (2014-2015?) внатре во *коцката* во која индивидуата е послободна отколку во отворениот свет, свет во којшто слободата се третира како иманентна. Преку процесот на врамување и затворање се исцртуваат јасните контури на сопствената неможност, како граници на можна трансгресија до постоењето и можното присуство што е содржано во имагинативниот свет на слободата. Чинот на извлекување на материјата од сопственото минато транзитира низ повеќе (оптички) филтри и звучни податоци што илуминираат присуство на *анимиран субјект* од некаков замислен свет. Автономијата на живиот субјект, чија статична сликовна инфилтрација е меморирана, влегува во дијалог со општествениот свет на авторот, отсликан преку невидлива експозиција (гестуалниот анимиран момент на одделување од рамнината на сликата, споделувањето на саморепрезентацијата во отворен сет на околности, неочекувани стилски трансформации, проширување на основните компоненти на повеќезначни медиуми), во конечното медиумско затворање – видеото. Проектот репрезентира двојна субјективизација, како однос помеѓу определбите на *авторот* да се одрази во постдигиталниот медиумски асемблаж и неочекуваните [неодредените] знаковни инскрипции од страна на *анимираниот субјект* во даденият контекст. Комплементарноста на двојната неизвесна реторичност од страна на субјектите го обележува овој концепт како отворено дело, доволно расплетено за понатамошни претпоставки и отворени сугестии, со што се потврдува повеќеслојната комплексност и распон на наративот. Оваа обликовна постапка синтетизира неколку искуства од претходните интермедијални остварувања, а концептуалната и техничка реализација покажува промена на авторската перцепција за можната употреба на различни супстрати на ликовниот јазик, која епистемолошки се придвижува кон предметната материја. Емпириската провокација на можностите на различните медиуми ја потврдува неуморната природа на авторката за истражување, како потрага по идеалниот свет за реализација на своите идеи и замисли.

Преку видеоинсталацијата „Заглавени заедно" (2020), наративот си допира прашањата за бегалската криза и вечната потрага по живеалиште, значенски антиципиран преку концептот „колективно тело" и меѓузависноста на таа органска врска, метафорично аргументирана преку визуелниот предговор „затворени заедно" во фиктивно омеѓениот простор – „коцката", и покрај неодредливоста на терититоријалноста или геополитичките граници што реално го ограничуваат движењето на „слободните" маси. Во овој краток филм, авторката користи ефекти на крупен план, кадрирање од растојание и од аголна позиција, овозможувајќи јасни согледби дека станува збор за тродимензионално „реално" врамување изведено преку неколку последователни сценски разложби. Ефектот на близко кадрирање претставува посебна дијалектичка алатка за отсекување од реалниот контекст (време и простор), како патување или приближување до нови реални аспекти и сознанија што имаме можност да ги откриеме преку драматични асоцијации, изведени преку гестовите на посебните ликови. Начинот на којшто се користи камерата е следство на еден комплексен ликовен јазик што ги преиспитува композициските аспекти на рамката на приказ, слично како во сликарските прераспределби на елементите на платното. Филмската структура се состои од еднакви временски секвенци, споени со мек премин и темни кадри или празен меѓупростор, којшто навестува завршеток или промена на една наративна целина и исчекување за следната антиципација, ефект што се постигнува со дополнително аурално засилување. Покрај употребата на монтажни ефекти, очекуваниот дијалог се структуира и преку гестуалните дејствија на карактерите, преку нивните погледи што продираат далеку и длабоко во празнината пред нив. Нивната вкочанетост и статичност психолошки и иконично ја одразува состојбата на неможност за динамика, за поместување и придвижување. Употребата на суперпониран говор често се преместува од говор во прво лице што директно повикува на внимание, кон внатрешно диегетичка циркулација со (визуелно) отсуство на разговорните партиципиенти, чие присуство е семантичко и ѝ припаѓа на една поширока и поопсежна категорија на неизвесно припаѓање. „Коцката" како хипотетички простор имплицира непотребност од детерминирање на каков било географски диверзитет како одредиште на бегалците и во исто време, ја нагласува потребата од препознавање на хуманите катастрофи и на социјално-општествените состојби, како глобална ентропија на човештвото. Ефектот на повторување на кадрите, како иконографија и сценска поставеност, од наративен аспект, имплицира стабилност на рамката, како навраќање и утврдување на идејата за колективното соприсуство на субјектите, како момент на суспензија на времето во единствениот диегезис обезбеден преку линеарното спојување на визуелните елементи. Чувството за рамнотежа на елементите во филмската слика потекнува од сликарскиот претекст, а се провлекува и во употребата на дигиталните медиуми, како што е видеоуметноста, задржувајќи се во рамките на статичното, неподвижното, на визуелен план, додека движењето е структуирано преку наративниот тек, неговите временски и просторни диспозиции. Потребата од нагласување или компресија на авторскиот глас, како визија, како обликовен принцип, е предмет на интерпретативно преместување на содржината (основниот наратив) „од" светот на реалноста, „во" доменот на прашањето „за" реалноста „во" уметноста/уметничкото. Суптилноста на конфликтуалното спојување на серијата „реални" дејствија, со серијата која е дообликувана и дополнително поткрепена со јукстапониран говор, претставува двојна сугестија на чинот на говорот, поттикнувајќи размисли – кому се обраќа говорникот? Дали можеби авторскиот глас е пресликан во говорот на нараторот, како говор во прво лице, и го преиспитува сопственото уметничко стојалиште, или, пак, сè уште претставува екстензија на гласот на колективот. Циркуларното движење на карактерите во рамките на објектот-коцка, проследено со музички запис што симболично се обраќа кон 'мајката' чии 'деца' трагаат по некакво огниште, може да се толкува како метафора која референцијално посочува кон плуралитет на толковни перспективи, 'биолошка мајка', 'мајка-татковина', 'мајка-земја', 'мајка-божица'..., итн. Индивидуалната динамика на движење 'во' сликата ја одвиткува „затвореноста" кон „надворешноста", која повторно се собира или се затвора во „реалноста" на омеѓениот простор. Поговорот на овој наратив нема заклучок. Како отворена сугестија, приказот на еден карактер (старец) и објектот-коцка ја заокружува ликовноста на ова дело, додека содржинската референцијалност е оставена слободна, отворена за бројни можни толкувања и претпоставки. Звучната нарација (воз што поминува по пругата) сугерира бескрајно патување и потрага по место, неместо. Осамениот карактер на крајот на приказната е, всушност, антиципација на извесен почеток или зачеток на наративот, значенска потрага по концептот слобода, сигурност, живеалиште и дом, кој (о)станува неможност дури и во бескрајниот хоризонт на „слободните" и ненаселени територии. Тања Балаќ ја третира уметноста како средство за повисоки од „чисто" уметничките цели, чисто естетските, подвлекувајќи ја идејата дека уметноста треба нужно да биде функционална во општественото опкружување, не само како епитаф на некои вечни и веќе утврдени историски концепти, туку и како концепт и модел на ситуациско дејствување, којшто дозволува промислување *низ* и *преку* изложувањето на нивната вистинитост и неодминливост во човековото секојдневие. Ангажманот на вистински ликови, вистински карактери, во улогата на интерпретатори на реалноста покажува дека Балаќ твори директно од принципите, извлекувајќи го целосниот потенцијал од расположливите субјекти. Перформативноста на улогите илустрира чиста есенцијалност на социолошкиот статус на избраните ликови, што како вграден методолошки принцип во содржинскиот корпус на делото, се провлекува и транзитира на формален план, како жанровска конвергенција меѓу медиумот на видеоуметноста со документаристиката. Употребата на најдените субјекти како конститутивни елементи во вкупната структура на делото и нивното преобликување раководено од основниот наратив и концептот „заглавени заедно" го поставуваат авторот во двојна позиција. Првата позиција е поглед однадвор, чин на говор спроведен преку/низ улогите на ликовите, и како таква, поставува интерпретативен модел на избраната тема, додека втората го позиционира авторот внатре, во наративот, како дел од принципот *колективна припадност*. Овој дуализам неминовно го наметнува прашањето за улогата на уметникот во доменот на општественото ткаење на социјалната свест, но и за улогата и функцијата на уметноста во поширок дискурзивен опфат. Балаќ се обидува и успева да инструира став дека глобалната мигрантска криза не е само глобално прашање „таму некаде", кое треба да биде решено од некакви авторитети повторно на глобално ниво, туку е присутно „тука и меѓу нас", а неможноста да се дојде до глобално решение зависи од човечкиот фактор на микрониво.

Делото „Денот потоа" (2020) претставува континуитет на претходните анализи на еколошката ентропија, како обид да се расветлат современите аспекти на поимањето на биополитичките регресии што го условуваат и го одземаат правото на нормално живеење. Ова дело ги изложува перманентните контрадикции помеѓу сетилното и разумното, спознајното и невидливото, животот и неговите облици, низ јасна и чиста метафорична определба, детските отпечатоци, коишто го илустрираат концептот на биопотенцијална обнова на животот на земјата. Оваа поставеност на критичката мисла го наметува прашањето за смислата на преоѓање на биолошкиот праг во светот на споделеното живеење, во којшто предодределеноста да се застане внатре нема да биде само коприсуство во една екстензија на проголтувањето, туку ќе значи одговорност и соочување на животот со животообразувачките норми и антропоцени монолити.

Сложениот поетски израз на Тања Балаќ монстрира континуирано истражување на она што значи авторско преисчитување на реалитетите, употребувајќи ги иманенцијата на театралноста и драматургијата не како цел, туку како средство, не со намера да се изрази реалноста, туку да се означи.[24] Монтажниот принцип, како дијалектика на изразните форми, овозможува мноштво перспективи од кои филмскиот субјект може да се набљудува, убедливо изнесувајќи ги неговите скриени потенцијали за силна тензија помеѓу реалноста и нејзината другост, често во облик на транспарентна илузија. Третманот на наративот како алтернатива на експерименталното, за Балаќ, значи премостување на медиумските бариери и преобмислување на филмот како медиум којшто зазема позиција помеѓу нас и перципираниот свет.[25] Постојаното пренасочување на референцијалните пунктуми често се случува внатре во значенските курикулуми на творбите, каде што самата пејдовна текстуална предлошка е означеното место кое треба да се разоткрие. Крстарењето низ интермедијалните простори во разгледуваните дела покажува дека квалитетот на ликовноста може да заземе просторни и временски протегања во доменот на виртуелното. Поетиката на овој начин, и покрај сложената мрежа од концептуални и формални односи низ коишто поминува, се трансформира во игра, како модел за којшто Шекнер говори низ фројдовска терминологија, играта како принцип на задоволство или приватен свет на фантазијата[26], којшто неуморно го предизвикува сопственото заокружување.

Натали Рајчиновска Павлеска

21 A. J. Greimas and J. Courtés, *Semiotics and Language: An Analytical Dictionary,* trans. L. Crist, D. Patte, et al. (Bloomington: Indiana University Press, 1982), 212.
22 Daniel Barnett, Movement as Meaning in Experimental Film (Amsterdam: Rodopi, 1983), iii.
23 Ибид, 16.
24 Mark Fortier, *Theory/Theatre: An Introduction* (London, New York: Routledge, 1997) 23.
25 Caterina Pasqualino and Arnd Schneider, *Experimental Film and Anthropology* (London, New York: Bloomsbury, 2014), 4.
26 Richard *Schechner, Performance Theory* (New York, London: Routledge, 1998), 13.

Библиографија:

Aumont, Jacques ed. *La Mise en Scène*, 127-42. Bruxelles: De *Boeck* Université, 2000.
Balaž, Bela. "Filmska Kultura." Preveo Sonja Perovič. U *Teorija Filma*, prir. Dušan Stojanovič, 84-93. Beograd: Nolit, 1978.
Barba, Eugenio. *On Directing and Dramaturgy: Burning the House*. New York: Routledge, 2009.
Barnett, Daniel. *Movement as Meaning in Experimental Film*. Amsterdam: Rodopi, 1983.
Barthes, Roland. *A Barthes Reader*. Edited and with introduction Susan Sontag. New York: Hill and Wang, 1983.
Barthes, Roland. *Camera Lucida: Reflections on Photography*. Translated by Richard Howard. New York: Hill and Wang, 1981.
Barthes, Roland. *Criticism and Truth*. Translated by Katherine Pilcher Keunemann. London: Continuum, 2007.
Bell, Alice and Marie-Laure Ryan. *Possible Worlds Theory and Contemporary Narratology*. Lincoln, London: University of Nebraska Press, 2019.
Branigan, Edward and Warren Buckland eds. "Mise èn Scene." In *The Routledge Encyclopedia of Film Theory*, 295-9. London, New York: Routledge, 2014.
Chatman, Seymour. *Story and Discourse: Narrative Structure in Fiction and Film*. Ithaca, New York: Cornell University Press, 1978.
Derrida, Jacques. *Of Grammatology*. Baltimore: Johns Hopkins University Press, 1974.
Eco, Umberto. *A Theory of Semiotics*. Bloomington, London: Indiana University Press, 1976.
Fortier, Mark. *Theory/Theatre*: *An Introduction*. London, New York: Routledge, 1997.
Freud, Sigmund. "Remembering, Repeating and Working-Through: Further Recommendations on the Technique of Psycho-Analysis II (1914)." In *The Standard Edition of the Complete Psychological Works of Sigmund Freud*, edited and translated by J. Strachcy,147-56. London: Hogarth Press, 1958.
Greimas, A. J. and J. Courtés. *Semiotics and Language*: An Analytical Dictionary. Translated by L. Crist, D. Patte, et al. Bloomington: Indiana University Press, 1982.
Habermas, Jürgen. *The Structural Transformation of the Public Sphere: An Inquiry into a Category of Bourgeois Society*. Translated by Thomas Burger and Frederick Lawrence. Cambridge, Massachusetts: The MIT Press, 1991.
Lucy, Niall. *Derrida Dictionary*. Malden, MA; Oxford; Carlton: Blackwell Publishing, 2004.
Pasqualino, Caterina and Arnd Schneider eds. *Experimental Film and Anthropology*. London, New York: Bloomsbury, 2014.
Robinson, Douglas. *Estrangement and the Somatics of Literature: Tolstoy, Shklovsky, Brecht*. Baltimore: The Johns Hopkins University Press, 2008.
Robinson, Douglas. *Estrangement and the Somatics of Literature: Tolstoy, Shklovsky, Brecht*. Baltimore: The Johns Hopkins University Press, 2008.
Schechner, Richard. *Performance Theory*. New York, London: Routledge, 1998.
Simmel, Georg. *The Sociology of Georg Simmel*. Edited and translated by Kurt H. Wolff. Illinois: The Free Press, 1950.
Stemmrich, Gregor. "Heterotopias of the Sinematgographic Institutional Critique and Cinema in the Art of Michale Asher and Dan Graham." In *Art After Conceptual Art*, edited by Alexander Alberro and Sabeth Buchmann, 135-49. Cambridge, Mass; London, England: The MIT Press; Vienna, Aistria: Generali Foundation, 2006.

Biography

Tanja Balac was born in Skopje in 1968. She graduated at the Faculty of Fine Arts in Skopje in 1991, with a major in painting. Paving her artistic and professional path over the years, in 2008 she received her Master's degree in painting from the Faculty of Fine Arts in Skopje. Member of the Association of Artists of Macedonia (DLUM) since 1996, she was also its president in the period of 2006-2013. Among her many professional visits outside the borders of her country, the study visit in Paris in 2003 is well worth mentioning. Her professional and artistic experience has been constantly enriched by work and study visits abroad, as well as participation at festivals and exhibitions for which she has received many awards and acclaim. Besides paintings, in the last decade, Tanja is also interested in creating installations, video art projects, experimental films and art performances. At present she lives and works in Skopje.

tanjabalac.com

EXHIBITIONS

2020 **"Space Distances"**
Wien, Austria - Gallery of Macedonian Embassy In Wien

2019 **"Invisible Exposure"**
Belgrade, Serbia - Gallery "Progres"

2017 **"1800K"** with Omer Kaleshi
Paris, France - Gallery of Macedonian Embassy in Paris

2017 **"Red Land", "The Birth of the Nation"** Photo Exebition
Berlin, Germany - Projektraum OKK-Organ kritischer-Kuns

2015 **"Invisible Exposure"**
Skopje Macedonia - Gallery of NLB Tutunska banka

2013 **"Space Distances"**
Ljubljana, Slovenia - Gallery "Ljubljanski Grad"

2012 **"Space Distances"**
Skopje, Macedonia - Gallery "Oko"

2010 **"Play of Presence of the Absent"**
Prishtina, Kosovo - Umetnicka Galerija

2009 **"Play of Presence of the Absent"**
Istanbul, Turkey - Nazim Hikmet Taxim Art Gallery

2008 **"Play of Presence of the Absent"**
Skopje, Macedonia - National Gallery of Macedonia "Mala Stanica"

2008 **"Play of Presence of the Absent"**
Sofia, Bulgaria - Macedonian Cultural and Information Center in Sofia

2007 **"Urban Landscape"**
Malme, Sweden - J.T& Art Gallery

2006 **"Urban Landscape"**
Maribor, Slovenia - Gallery of the DLUM (Association of Fine Art Artists in Maribor)

2005 **"Urban Landscape I"**
Moscow, Russia - Gallery at the "House of nationalities"

2004 **"Urban Landscape I"**
Paris, France - Cité des Arts

2004 **"Urban Landscape I"**
Novi Sad, Serbia- Cultural Center Novi Sad

2003 **"1000-Kilometre-Long Love"**
Skopje, Macedonia - Museum of the City of Skopje

2002 **"1000-Kilometre-Long Love"**
Belgrade, Serbia - Gallery "Beograd"

2002 **"1000-Kilometre-Long Love"**
Zrenjanin, Serbia - Gallery "Duhovni Centar"

2002 **"1000-Kilometre-Long Love"**
Banja Luka, R. Srpska - Art gallery

1999 **"For The Children of Yugoslavia"**, humanitarian exhibition together with Ljupco Bojarov and Vujka Radivojevik Bojarov
Skopje, Macedonia - JAT Office

1997 Exhibition on the occasion of the **"Metodija Ivanovski-Mende"** award
Skopje, Macedonia - Cultural Information Centre (KIC)

1996 **"Stories"**
Skopje, Macedonia - Cultural Information Center (KIC)

1996 **"Stories"**
Kichevo, Macedonia - Cultural Center "Koco Racin"

1996 **"Stories"**
Kumanovo, Macedonia - Art Gallery

1992 Tetovo, Macedonia - Cultural Center

1992 Skopje, Macedonia - Cultural Information Center (KIC)

GROUP EXHIBITIONS

She has participated on numerous group exhibitions, in her homeland and abroad: France, USA, Poland, Bulgaria, Serbia, Russia, Sweden, to name a few.

INSTALLATIONS

2020 **"The Following Day"**, Winter Salon
National Gallery of Macedonia

2018 **"Perceptio Inversa"** video installation, Winter Salon
National Gallery of Macedonia

2016 **"Privacy off"** video installation, Winter Salon
National Gallery of Macedonija

2014 **"Trip@ih"** video installation, Winter salon
National Gallery of Macedonia

2013 **"Who is the Audience"** work in progress

2012 **"Bringing to Life by Signing a Name"** Winter salon
Bezisten Old Bazar Skopje

2012 **"Briefing to life by signing a name"** Installation
Ohrid, Macedonia - Ohrid Summer Festival

2009 **"Suitcase Full of Sadness"** Museum of the City of Skopje

EXPERIMENTAL FILMS

2020 **Stuck Together** – 5'35"

Screenings

- Sydney Short Film Festival 2021 (Australia) – Finalist
- Santorini Film Festival 2021 (Greece) – Finalist
- Rome Independent Prisma Awards 2020 (Italy) – Official Selection

Awards

- Anarchy Film Festival 2020 (Manchester, UK) – Award Winner

2018 **Memorabilia** – 7'15"

Screenings

- Cica Museum: Czong Institute for Contemporary art 2019 (Seoul, South Korea) – Official Selection

Awards

- West Virginia Mountaineer Short Film Festival 2019 (USA) – Award Winner
- Florence Biennale - International Biennial of Contemporary Art 2019 (Italy) – 4th Place Experimental Video

2017 **Red Land** – 15' 43"

Screenings

- Projektraum OKK-Organ kritischer-Kunst –Videoprojection 2018 (Berlin, Germany)
- National Gallery of Macedonia 2017 (Skopje, Macedonia)

2016 **The Birth of a Nation** – 12' 26"

Screenings

- Projektraum OKK-Organ kritischer-Kunst –Videoprojection 2018 (Berlin, Germany)
- National Gallery of Macedonia 2016 (Skopje, Macedonia)

2014 **Citizens 2** – 12' 26"

Screenings

- Bonington Gallery Trent University 2016 (Nottingham, UK)

2013 **Citizens** – 4' 48"

Screenings

- Bonington Gallery Trent University 2016 (Nottingham, UK)
- Futureidentities 2013 (Venice, Italy)
- Square "Macedonia" 2013 (Skopje, Macedonia)

AWARDS

2020 Manchester, England - Award from **Anarchy Film Festival** and Young Creative Leaders "Stuck Together" - Experimental film

2019 Florence, Italy - 4th place in Video Art category "Lorenzo il Magnifico" award at the **Florence Biennale** - Experimental film "Memorabilia"

2019 West Virginia, USA - 1st place at the **West Virginia Mountaineer Short Film Festival** -Experimental film "Memorabilia"

2015 Skopje, Macedonia - National Gallery of Macedonia, "Nereshki majstori" award for painting - DLUM

2003 Skopje, Macedonia - Award for painting at the exhibition "Landscape" - DLUM Gallery

2001 Skopje, Macedonia - "Nikola Martinovski" award for drawing at the exhibition "DLUM - drawing" - National University Library "St. Kliment Ohridski"

1996 Skopje, Macedonia - "Metodija Ivanovski - Mende" award at the exhibition "Small Scale Painting" - Cultural Information Center

Биографија

Тања Балаќ (р. 1968 година, Скопје), во 1991 година дипломира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на одделот за сликарство. Трасирајќи го својот уметнички и професионален пат низ годините, во 2008 година, магистрира на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на одделот за сликарство. Членка е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ) од 1996 година, а во периодот од 2006-2013 година и негова претседателка.
Меѓу многубројните професионални посети надвор од границите на Македонија, остварува студиската посета во Париз во 2003 година. Своето професионално и уметничко искуство постојано го збогатува со работни и студиски посети во странство, учество на меѓународни фестивали и изложби, за кои има добиено повеќе награди и признанија. Покрај сликарството, во последната декада истражува и на полето на различни медиуми, вклучувајќи инсталација, експериментален филм и видео уметност.
Живее и работи во Скопје.

tanjabalac.com

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

2020 **„Просторни дистанци“**
Виена, Австрија - Галерија на македонската амбасада во Виена

2019 **„Невидлива изложеност“**
Белград, Србија - галерија „Прогрес“

2017 **„1800К“** со Омер Калеши
Париз, Франција - Галерија на македонската амбасада во Париз

2017 **„Црвена земја“, „Раѓање на нација“** изложба на фотографии
Берлин, Германија - Projektraum OKK-Organ kritischer-Kunst –Videoprojection

2015 **„Невидлива изложеност“**
Скопје, Македонија - Галерија на НЛБ Тутунска банка

2013 **„ Просторни дистанци“**
Љубљана, Словенија - галерија „Љубљански град“

2012 **„Просторни дистанци“**
Скопје, Македонија - галерија „Око“

2010 **„Игра на присуство на отсутното“**
Приштина, Косово - Уметничка галерија

2009 **„Игра на присуство на отсутното“**
Истанбул, Турција - уметничка галерија „Назим Хикмет Таксим“

2008 **„Игра на присуство на отсутното“**
Скопје, Македонија - Национална галерија на Македонија, „Мала станица“

2008 **„Игра на присуство на отсутното“**
Софија, Бугарија - Културно-информативен центар на Македонија во Софија

2007 **„Урбан пејзаж“**
Малме, Шведска – J.T& Art Gallery

2006 **„Урбан пејзаж“**
Марибор, Словенија - Галерија на ДЛУМ (Друштво на ликовни уметници на Марибор)

2005 **„Урбан пејзаж I“**
Москва, Русија - Галерија во „Куќата на националностите“

2004 **„Урбан пејзаж I“**
Париз, Франција - Cité des Arts

2004 **„Урбан пејзаж I“**
Нови Сад, Србија – Културен центар на Нови Сад

2003 **„Љубов долга 1000 километри“**
Скопје, Македонија - Музеј на град Скопје

2002 **„Љубов долга 1000 километри“**
Белград, Србија - галерија „Београд“

2002 **„Љубов долга 1000 километри“**
Зрењанин, Србија - галерија „Духовни центар“

2002 **„Љубов долга 1000 километри“**
Бања Лука, Р. Српска - Уметничка галерија

1999 **„За децата на Југославија“**
Скопје, Македонија - Канцеларија на ЈАТ
Хуманитарна изложба, заедно со Љупчо Бојаров и Вујка Радивојевиќ Бојаров

1997 изложба по повод наградата **„Методија Ивановски-Менде“**
Скопје, Македонија – Културно-информативен центар (КИЦ)

1996 **„Приказни“**
Скопје, Македонија – Културно-информативен центар (КИЦ)

1996 **„Приказни“**
Кичево, Македонија – културен центар „Кочо Рацин“

1996 **„Приказни“**
Куманово, Македонија - Уметничка галерија

1992 Тетово, Македонија – Културен центар

1992 Скопје, Македонија - Културно-информативен центар (КИЦ)

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

Учествувала на бројни групни изложби, во Македонија и во странство: Франција, САД, Полска, Бугарија, Србија, Русија, Шведска...

ИНСТАЛАЦИИ

2020 **„Денот потоа“**, Зимски салон - Национална галерија на Македонија

2018 видео инсталација **„Perceptio Inversa“,** Зимски салон - Национална галерија на Македонија

2016 видео инсталација **„Privacy Off“,** Зимски салон - Национална галерија на Македонија

2014 видео инсталација **„Trip@ih“**, Зимски салон - Национална галерија на Македонија

2013 **„Која е публиката“**

2012 **„Здивот на животот со името втиснат“** - Зимски салон – Безистен, Стара чаршија Скопје

2012 **„Здивот на животот со името втиснат“**
Охрид, Македонија - Охридско лето

2009 **„Куфер полн со тага“**- Музеј на град Скопје

ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ФИЛМОВИ

2020 **Заглавени заедно** - 5’35 ”

Проекции

- Sydney Short Film Festival 2021 (Австралија) - финалистска
- Santorini Film Festival 2021 (Грција) - финалистка
- Rome Independent Prisma Awards 2020 (Италија) – официјална селексција

Награди

- Anarchy Film Festival 2020 (Манчестер, Велика Британија) - добитничка награда

2018 **Меморабилија** - 7’15 ”

Проекции

- Cica Museum: Czong Institute for Contemporary art 2019 (Сеул, Јужна Кореја) - официјална селексција

Награди

- West Virginia Mountaineer Short Film Festival 2019 (САД) - добитник на награда
- Florence Biennale - International Biennial of Contemporary Art 2019 (Италија) – 4-та награда

2017 **Црвена земја** - 15 ’43 ”

Проекции

- Projektraum OKK-Organ kritischer-Kunst –Videoprojection 2018 (Берлин, Германија)
- Национална галерија на Македонија 2017 (Скопје, Македонија)

2016 **Раѓање на нација** - 12 ’26 ”

Проекции

- Projektraum OKK-Organ kritischer-Kunst –Videoprojection 2018 (Берлин, Германија)
- Национална галерија на Македонија, 2016 (Скопје, Македонија)

2014 **Граѓани 2** - 12 ’26 ”

Проекции

- Bonington Gallery Trent University, 2016 (Нотингем, Велика Британија)

2013 **Граѓани** - 4 ’48 ”

Проекции

- Bonington Gallery Trent University, 2016 (Нотингам, Велика Британија)
- Futureidentities: Bodies . Places . Spaces, 2013 (Венеција, Италија)
- Плоштад „Македонија“, 2013 (Скопје, Македонија)

НАГРАДИ

2020 Манчестер, Англија - награда на Anarchy Film Festival и Young Creative Leaders - Експериментален филм „Заглавени заедно“

2019 Фиренца, Италија - 4-то место во категоријата Видео Арт, награда„ Лоренцо ил Мањифико ”на Биеналето во Фиренца - Експериментален филм „Меморабилија“

2019 Западна Вирџинија, САД - 1-во место на West Virginia Mountaineer Short Film Festival - експериментален филм „Меморабилија“

2015 Скопје, Македонија - Национална галерија на Македонија, награда „Нерешки мајстори“ за сликарство на ДЛУМ

2003 Скопје, Македонија - награда за сликарство на изложбата „Пејзаж“ - Галерија ДЛУМ

2001 Скопје, Македонија - награда „Никола Мартиновски“ за цртање на изложбата „ДЛУМ-цртеж “- Национална универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“

1996 Скопје, Македонија - награда „Методија Ивановски - Менде“ на изложбата „СМОЛ СКЕЈЛ ПЕЈНТИНГ“- Културно-информативен центар

1995 Скопје, Македонија - награда „Константин Мазев“ за млади уметници на изложбата „СМОЛ СКЕЈЛ ПЕЈНТИНГ“- Културно-информативен центар

1992 Скопје, Македонија - награда на изложбата „Жената - симбол и инспирација“ - Центар за култура „Кочо Рацин“

Timeline

1992

"Bacchanalia",
painting
1st solo exhibition in
Cultural Information Center
Skopje, Macedonia

1997

"In Honor of Sirano"
Miniature Painting award
Exhibition in
Cultural Information Center
Skopje, Macedonia



2013

"Otherness",
solo exhibition
Small Black Gallery
Ljubljana, Slovenia

2005

"Urban Landscape I"
Poster of my
solo exhibition
House of Nationalities Gallery
Moscow, Russia

Photo of my
study visit
at Rodin Museum,
Paris, France

2003

Opening night of
Macedonian artists
in Paris as the
President of DLUM
Paris, France

2007

2004

"Urban Landscape I"
Poster of the solo exhibition
Cite des Arts Gallery
Paris, France

"Play of Presence in Absence",
Master thesis defense
at National Gallery
of Macedonia, Skopje

2008

"Invisible Exposure"
Opening night exhibition
Skopje, Macedonia

2015



2011

Working in
the art studio

2013

"Citizens"
Experimental film,
behind the scenes
with DoP Boro Rudic
Skopje, Macedonia

2014

"Citizens"
First public
screening
City Square
Skopje, Macedonia

2016

"The Birth of a Nation"
Experimental film, behind the scenes
with DoP Atanas Velkovski
Skopje, Macedonia

2017

"Red Land"
short film,
behind the scenes
Skopje, Macedonia

With Omer Kaleshi
"1800K",
joint exhibition
Paris, France

2017

"Red Land" and "The Birth of a Nation"
short films, screening
and exhibition of stills
Berlin, Germany

2018

At the Florence Bien-
nalle, participating
with her experi-
mental short film
'Memorabilia'

2018

"Memorabilia"
Short film,
building the set,
behind the scenes
Skopje, Macedonia

2019



"Invisible Exposure"
Opening night exhibition
Belgrade, Serbia

2019

"Stuck Together"
Behind the scenes
Skopje, Macedonia

2020

"Space Distance",
Poster from solo exhibition at
Macedonian Embassy in Vienna
Vienna, Austria

2021

Family
Portrait

"The Following Day"
Working on the art installation
National Gallery of Macedonia
Skopje

2020

"Isollatria"
Work in progress project
Skopje, Macedonia

2020

tanjabalac.com

Published by: Tanja Balac
Text: Kiril Penušliski, Natali R. Pavleska
Photographs: Boro Rudic
Photo portrait: Sergej Sarchevski
Photos of the installation *"Suitcase Full of Sadness"*: Dejan Sarchevski
Translation: Kiril Penushliski, Vanja Chuchkov
Proof Reeding: Tatjana B. Eftimoska
Design and prepress: Igor Nastevski
Printed by: Propoint

Издавач: Тања Балаќ
Текст: Кирил Пенушлиски, Натали Р. Павлеска
Фотографии: Боро Рудиќ
Фото Портрет: Сергеј Сарчевски
Фотографии за инсталација "Куфер полн со тага": Дејан Сарчевски
Превод: Кирил Пенушлиски, Вања Чучков
Лектор: Татјана Б. Ефтимоска
Дизајн и подготовка за печатење: Игор Настевски
Печати: Пропоинт

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека «Св. Климент Охридски», Скопје

7.036/038(497.7)(083.3) Балаќ, Т.

БАЛАЌ, Тања
Tanja Balac : 30 years art works / [текст Кирил Пенушлиски, Натали Р. Павлеска ; фотографии Боро Рудиќ ; превод Кирил Пенушлиски, Вања Чучков ; [text Kiril Penushliski, Natali R. Pavleska ; photographs Boro Rudic ; translation Kiril Penushliski, Vanja Chuchkov]. - [Скопје] : Т. Балаќ ; [Skopje] : T. Balac, 2021. - 57 стр. : фотографии во боја ; 21 см

Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-66000-3-7

1. Пенушлиски, Кирил [автор на придружен текст] [преведувач] 2. Павлеска, Натали Р. [автор на придружен текст]
а) Современа уметност -- Македонија -- Каталози

COBISS.MK-ID 54515461

ISBN 978-608-66000-3-7

tanjabalac.com